Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit

НАЦРТ СТРАТЕШКИ ПЛАН
НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ
2027 – 2029 година

Скопје, октомври 2026 година

ВОВЕД

Стратешкиот план на Министерството за култура и туризам за периодот 2027–2029 година претставува основен плански документ со кој се утврдуваат среднорочните цели, приоритети и насоки на дејствување на Министерството, како и клучните активности и мерки за унапредување на состојбите во областите на културата и туризмот. Планот ја отсликува определбата за континуиран развој на културните политики, заштита и промоција на културното наследство, поттикнување на современото културно творештво и креативните индустрии, како и создавање услови за одржлив, конкурентен и инклузивен туристички развој, во согласност со стратешките приоритети и програмските определби на Владата на Република Северна Македонија. Стратешкиот план е подготвен во согласност со важечката Методологија за стратешко планирање и подготвување на годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија, како и со Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа. Преку овој документ се обезбедува систематизиран пристап кон планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на активностите на Министерството, со јасно утврдени цели, очекувани резултати, носители на активностите и рокови за нивна реализација, како и потребните човечки и финансиски ресурси.

Во периодот 2027–2029 година, активностите на Министерството ќе бидат насочени кон унапредување на достапноста и квалитетот на културните содржини, јакнење на капацитетите на националните установи и другите субјекти во културата, поддршка на независната културна сцена, развој на меѓународната културна соработка и афирмација на културниот идентитет и творештвото на Република Северна Македонија. Посебно внимание ќе се посвети на заштитата, конзервацијата, валоризацијата и одржливото користење на културното наследство, унапредувањето на институционалните и нормативните услови за работа, како и на воведувањето современи пристапи во управувањето со културните ресурси.

Во областа на туризмот, приоритет ќе биде развојот на одржливи и конкурентни туристички производи и дестинации, подобрувањето на туристичката понуда и нејзината промоција на домашниот и меѓународниот пазар, како и поттикнувањето на инвестициите и соработката меѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Преку поврзување на културните потенцијали со туристичките ресурси ќе се создаваат можности за зголемување на препознатливоста на државата, рамномерен регионален развој, отворање нови економски можности и унапредување на придонесот на туризмот во одржливиот економски и општествен развој. Стратешкиот план ги опфаќа програмите и потпрограмите преку кои Министерството ќе ги реализира утврдените приоритети, како и целите и задачите на организациските единици, планираните активности, очекуваните ефекти и резултати и ресурсите потребни за нивно остварување. Реализацијата ќе се следи преку утврдени показатели за успешност, динамика на спроведување и одговорности на надлежните организациски единици, со цел да се обезбедат отчетност, ефикасно управување со јавните ресурси и навремено преземање мерки за надминување на евентуалните предизвици.

Воедно, Стратешкиот план за периодот 2027–2029 година ја потврдува определбата на Министерството за продолжување и продлабочување на реформските процеси, зајакнување на институционалните капацитети, унапредување на меѓуинституционалната координација и создавање

поефикасен систем за спроведување на политиките во културата и туризмот. Преку доследна реализација на планираните активности и континуирано следење на постигнатите резултати, Министерството ќе придонесе кон создавање одржливи услови за развој на културата и туризмот, поголема вклученост на граѓаните во културниот живот и зајакнување на позицијата на Република Северна Македонија како препознатлива културна и туристичка дестинација.

Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија во периодот од 2027 до 2029 година ќе се стреми да го засили своето водечко место во зачувувањето, развојот и промоцијата на универзалните културни и естетски вредности кои претставуваат темел на секое цивилизирано општество, длабоко вкоренети во историјата, флексибилни за современите културни предизвици.

Воедно, ќе се стреми кон утврдување на краткорочните и долгорочните приоритети, усогласување на институционалните активности и обезбедување на ефикасно користење на човечките и финансиските ресурси.

Таквиот пристап ќе овозможи не само зачувување на културното наследство, туку и развој на креативните сектори, промоција на културната разновидност и зајакнување на улогата на културата како фактор на социјална интеграција и одржлив развој. Во овој контекст, стратегијата за културата треба да се гледа како патоказ што ја насочува националната визија кон меѓународна афирмација, зголемување на граѓанското учество и создавање услови за балансиран културен развој на локално и национално ниво.

Паралелно, туризмот се препознава како една од најважните економски гранки, со огромен потенцијал за раст и развој. Туризмот не само што ја отвора земјата за светот, туку и го поттикнува економскиот просперитет преку зголемување на вработеноста, привлекување странски инвестиции и одржливо управување со природните и културните ресурси. Стратешкиот план за периодот 2027– 2029 година го нагласува туризмот како клучна гранка врз која ќе се потпира македонската економија, при што ќе се вложуваат значителни напори за модернизација и унапредување на туристичката понуда, особено во насока на културниот туризам, екотуризмот и руралниот туризам.

Културата и туризмот не се само инструменти за економски и социјален напредок, туку и средства за ширење на толеранцијата, разбирањето и меѓукултурниот дијалог. Министерството во следните години ќе работи на подобрување на условите за креативно изразување, заштита на културното наследство, како и на поттикнување на нови форми на современо културно творештво. Истовремено, ќе се настојува да се обезбеди еднаков пристап до културните добра за сите граѓани, независно од нивната социјална, географска или економска положба.

Овој стратешки план се темели на посветено вложување во културната инфраструктура и човечките ресурси, кои ќе обезбедат долгорочен развој и конкурентност. Културното богатство на Македонија, во комбинација со природните убавини, создава уникатна симбиоза која треба да биде столб на туристичката промоција на земјата на глобалната сцена.

Министерството ќе ги спроведува сите активности преку добро структурирани стратегиски партнерства со домашни и со меѓународни институции, со невладини организации и со приватниот сектор. Ова е неопходно за да се оствари еден од најважните аспекти на овој стратешки план – континуирано и целосно вклучување на граѓаните и на културните работници во креирањето на иднината на македонската култура и туризам.

Со поставувањето на културата како суштински елемент за духовен развој и туризмот како генератор на економските процеси во земјата, Министерството за култура и туризам има цел да создаде долгорочна визија за одржлив и инклузивен раст.

Овој стратегиски документ не само што ги поставува главните приоритети и насоки, туку претставува и повик за обединување околу заедничката визија за подобра иднина, а стратегијата 2027 – 2029 година е водилка кон општество во кое културата е достапна за сите, а туризмот е клучен двигател за економски успех.

М И Н И С Т Е Р ,

Sedat Sulejmani

1.1. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Министерството за култура и туризам на РСМ има клучна улога во заштитата на националниот идентитет и во развојот на туристичката економија. Иако има значајни постигнувања во делот на уметничката поддршка и културната промоција , институцијата се соочува со системски слабости: ограничени ресурси, недоволна координација и потреба од институционално јакнење. Стратешкиот приоритет е интегриран пристап кон културата и туризмот со цел да се зајакне креативната економија и меѓународниот имиџ на државата. Согласно законските обврски на Министерството за култура и туризам и органите на државната управа и Методологијата за начинот на подготвување на стратешкиот план, Министерството за култура и туризам иницира подготовка на три стратегии:

-Национална стратегија за развој на културата за периодот 2026-2030 година;

- Национална стратегија за заштита и користење на културното наследство;

- Национална стратегија за македонски јазик

Во врска со работата на Министерството за култура и туризам, според извршените анализи во последните години, како основни слабости може да се нотираат:

- недостиг на човечки ресурси во одредени сектори, особено во: Секторот за инвестициони работи, Секторот за јавни набавки, Одделението за човечки ресурси, Секторот за управен и инспекциски надзор, Одделението за внатрешна ревизија и Одделението за стратешко планирање, креирање политики и следење;
- недоволна искористеност на претпристапните фондови за поддршка на проекти од доменот на културата;
- потреба од измена и/или дополнување на законската регулатива во сите домени на културата;
- застарени и несоодветни инфраструктурни капацитети во голем дел од установите од областа на културата и недоволни фондови за инвестициско одржување, реконструкција, адаптација и набавка на опрема;
- драстичен недостиг на стручен кадар во областа на заштитата на културното наледство, особено во доменот на недвижното наследство;
- застарени и несоодветни технички и кадровски информатички капацитети во сите национални установи од областа на културата, што оневозможува примена на современи технологии, како и соодветно документирање и дигитализација на културните ресурси;
- Недоволна промоција на културниот и руралниот туризам, особено на меѓународните пазари.

1.2. МИСИЈА

Мисијата на Министерството за култура и туризам е да се создадат услови за развој на координирана и ефикасна културна политика преку: воспоставување функционални, законодавни, инфраструктурни, организациски, материјални и финансиски услови за развој на културата; воспоставување експертска и вонпартиска кадровска политика; обезбедување автономија на субјектите во културата; воведување принципи на транспарентност и партиципативност во процесите на носење одлуки и стратегиско управување, особено евалуација, анализи, истражувања и интерсекторско усогласување со другите ресори на државните политики.

Унапредување на туризмот во Северна Македонија преку подигнување на свеста на локалната заедница, сертификација на туристичките понуди, обука и едукација на тимот на АППТ и сите чинители во еко-системот. Исто така, преку иновативна и континуирана промоција и поддршка на приватниот сектор и јакнење на мрежата на соработници, целиме кон одржлив и конкурентен туристички развој.

1.3. ВИЗИЈА

Демократизирана, плурална и автономна култура и уметничка продукција; партиципативна во одлучувањето; остварен динамичен и одржлив културен развој; усвоен систем за рамноправна дистрибуција на средствата во согласност со утврдените приоритети; развиен систем на ефикасна заштита на културното наследство; развиена критичка култура; општествена одговорност во сите културни практики и создадени функционални релации меѓу културата и другите сфери на општествено живеење; препознатлива, иновативна и високо развиена национална туристичка организација (НТО), која има јасна цел и привлечна туристичка понуда, и ја позиционира Македонија како одржлива и автентична туристичка дестинација во Југоисточна Европа.

1.4. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Задачите и обврските на Министерството за култура и туризам, кое нема подрачни единици во својот состав, произлегуваат од пропишаните специфични надлежности во следниве области:

- Дејности од областа на културата и уметноста.
- Промоција на културата, на културниот развој и на културните политики.
- Интегралното планирање на развојот на туризмот и комплементарни активности;
- Развојот, прогласување и одржливо користење на туристички простор и туристички дестинации од значење за туризмот;
- Промоцијата на туризмот во земјата и во странство;
- Подобрувањето на системот на вредност и конкурентност на туристичките места и производи;
- Истражувањето на туристичкиот пазар и развој на туристички информациски систем;
- Условите и начинот на вршење на дејноста на туристичките агенции;
- Меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО;
- Соработка со институциите на ЕУ и интегрирање на европските вредности;
- Организација, развој и финансирање на културата;
- Следење, анализирање и предлагање акти и мерки за развој и унапредување на културата;
- Заштита, управување и ревитализација на културното наследство;
- Остварување и заштита на авторското право и сродните права;
- Надзор од надлежност во културата;
- Подготовка на прописи и на други акти од областа на културата;
- Реализација на промотивни активности за промоција на севкупната туристичка понуда;
- извршување на анализи и истражувања за проценка на туристички пазари;
- Реализација на проекти за создавање на нови и развој на постоечки туристички продукти и локанли туристички брендови.

Улогата на Министерството за култура и туризам во областите за кои е надлежно е:

- Креирање и развивање политики во областите од делокругот на дејствувањето;
- Подготвување и предлагање закони и други прописи за областите од својата надлежност;
- Усогласување на законите, прописите, меѓународните и европските конвенции и договори;
- Следење на спроведувањето на прописите за да се оцени дали прописите ги остваруваат очекуваните резултати;
- Вршење инспекциски надзор над спроведувањето на прописите со кои се уредуваат областите за кои е надлежно.

1.5. СПЕЦИФИЧНОСТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Министерството за култура и туризам е орган на државната управа со кој раководи министер. Делокругот на работа на Министерството за култура и туризам е утврден во член 26 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, 96/19 и 190/19).

Во согласност со наведената законска одредба, Министерството за култура и туризам е надлежно да врши работи што се однесуваат на:

- следење, анализирање и предлагање акти и мерки за развој и унапредување на културата;
- организација, финансирање и развој на мрежата на националните установи и финансирање програми и проекти од национален интерес во оваа област;
- заштита на културното наследство;
- издавачка, музичка, сценско-уметничка, филмска, галериска, библиотечна, архивска, музејска и кинотечна дејност, дејноста на домовите на културата и дејноста за посредување во културата;
- заштита на авторското право и сродните права;
- споменично одбележување на настани и истакнати личности од национален интерес;
- инспекциски надзор во негова надлежност;
- интегралното планирање на развојот на туризмот и комплементарни активности;
- развојот, прогласување и одржливо користење на туристички простор и туристички дестинации од значење за туризмот;
- промоцијата на туризмот во земјата и во странство;
- подобрувањето на системот на вредност и конкурентност на туристичките места и производи;

- истражувањето на туристичкиот пазар и развој на туристички информациски систем;
- условите и начинот на вршење на дејноста на туристичките агенции;
- други работи утврдени со закон.

Министерството за култура и туризам остварува поблиска соработка и координација со органите на државната управа заради развивање интегриран пристап во планирањето на развојот на спецификите наведени во точката 1.5 од овој документ, и тоа:

- со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија;
- со Министерството за финансии – за реализирање на Годишната програма на Министерството за култура и туризам, за европските фондови и за друг вид странска помош;
- со Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија (Државен пазарен инспекторат), Министерството за внатрешни работи – Оддел за организиран криминал, Царинската управа и со Министерството за правда – за авторското право и сродните права, заштитата на културното наследство и развој на културниот туризам;
- со Министерството за политички систем и односи со заедниците – Управа за образование на припадниците на заедниците – за културата на припадниците на заедниците;
- со Секретаријатот за европски прашања – усогласување со европското законодавство (НПАА), за спроведување на програмите на ЕУ (Креативна Европа, Култура и МЕДИА), Инструментот за претпристапна помош ИПА, за аудиовизуелната дејност, за авторското право и сродните права и за заштитата на културното наследство;
- со Министерството за образование и наука – во образованието да се промовираат културата и културното наследство;
- со Министерството за надворешни работи – за меѓународната соработка и за ратификација и склучување меѓународни договори;
- со Државниот завод за индустриска сопственост, со Министерството за економија, со Министерството за внатрешни работи и други надлежни органи – за спроведување на режимот на интелектуалната сопственост што ги вклучува и авторското право и сродните права;
- со Инспекцискиот совет на РСМ – за поголема ефикасност и стручно оспособување и усовршување на инспекторите за култура, спроведување стручен испит за добивање лиценца за инспектор, како и други прашања во врска со работењето на инспекцискатa служба;
- со Државниот завод за статистика – за доставување статистички податоци од областа на културата;

- со Министерството за информатичко општество и администрација – за реформите во јавната администрација и дигитализација на работните процеси во Министерството за култура и туризам;
- со Министерството за локална самоуправа – за децентрализација во културата и соработка во спроведувањето на ЕУ-програми;
- со Министерството за труд и социјална политика – за спроведување на политиките за инклузивност на културата кај ранливите групи и различните групи;
- хоризонтална и вертикална соработка на национално и на локално ниво – за остварување соработка и за спроведување на препораките на УНЕСКО и на ЕУ.

1.6. СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Во согласност со утврдените надлежности во Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во согласност со член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор, изготвен е Правилник за систематизација на работните места во Министерството за култура, како и Правилник за внатрешна организација на Министерството за култура.

Во согласност со актот за организација, во Министерството за култура и туризам има 12 сектори и 33 одделенија.


Според карактерот, обемот и степенот на сложеноста на работните места, во Министерството за култура и туризам постојат следниве организациски облици (органограм на Министерството за култура и туризам):

Република Северна Македонија

Министерство за култура и туризам

Republika e Maqedonisë së Veriut

Ministria e Kulturës dhe e Turizmit



1.7. ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Во согласност со член 144 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ“ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16), орган во составот на Министерството за култура и туризам, со својство на правно лице, е Управата за заштита на културното наследство (УЗКН).

УЗКН ја раководи директор што го именува Владата на Република Северна Македонија.

Во согласност со Законот за културно наследство, Управата за заштита на културното наследство:

1. Води управна постапка по предмети од областа на заштитата на културното наследство и донесува управни акти во согласност со овој закон;
2. Ги подготвува актите од областа на заштитата на културното наследство што ги донесува Министерството за култура и туризам;
3. Учествува во управни и други постапки поврзани со културното наследство и неговата заштита што ги водат други надлежни органи, во случаите утврдени со овој и со друг закон;
4. Поведува иницијативи и постапки пред надлежни органи за работи што се од јавен интерес за културното наследство и неговата заштита;
5. Го координира спроведувањето на националните и стратегиски значајни проекти, планови и програми во остварувањето на заштитата на културното наследство;
6. Предлага Национална стратегија за заштита и користење на културното наследство;
7. Предлага Национален акциски план за превенција на криминалитетот против културното наследство и го координира неговото спроведување;
8. Ја предлага Приоритетната листа од членот 110 на овој закон;
9. Ја координира меѓународната соработка во врска со заштитата на културното наследство;
10. Формира одбори за нематеријално, недвижно и движно културно наследство како советодавни тела;
11. Формира координативен одбор за заштита на културни добра во случај на вооружен судир и други постојани и привремени помошни тела;
12. Ја следи и ја анализира состојбата на културното наследство и предлага акти и мерки за остварување, развој и унапредување на неговата заштита;

13. Води централна евиденција и посебни национални инвентари на културното наследство, во смисла на овој закон и ратификуваните меѓународни договори;

14. Врши класифицирање според Националната класификација на културното наследство;

15. Го води Националниот регистар на културното наследство;

16. Ги врши работите поврзани со воспоставувањето, организирањето и развојот на Информативниот систем за културното наследство на Република Северна Македонија;

17. Врши работи за безбедносна заштита и заштита на културното наследство во случај на вооружен судир и природни катастрофи;

18. Врши работи за заштита од физичко оштетување забрзано од загадувањето и за унапредување на квалитетот на животната средина во заштитените подрачја;

19. Управува со културното наследство во државна сопственост, за кое правото на користење не му е дадено на друг носител на тоа право или за кое не е дадена концесија;

20. Ги врши работите во врска со: остварувањето на правото на првенствено купување, утврдувањето на правичните надоместоци, висината на наградата за случајно откритие, обезбедувањето по пат на хипотека и други работи од имотно-правна природа од областа на заштитата на културното наследство;

21. Подготвува планови и програми за заштита на културното наследство во согласност со овој закон;

22. Ја следи примената на ратификуваните меѓународни договори од областа на заштитата на културното наследство, предлага и презема активности за остварување на правата и обврските што произлегуваат од нив и подготвува национални извештаи за нивната примена;

23. Ги врши работите на инспекцискиот надзор над спроведувањето на прописите за заштита на културното наследство во согласност со овој закон;

24. Ги води работите во врска со меѓународната соработка и помош во областа на заштитата на културното наследство;

25. Организира вршење на други работи од областа на заштитата на културното наследство од надлежноста на Министерството за култура туризам, утврдени со закон.

1.8. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

Во текот на периодот опфатен со Стратешкиот план 2027 – 2029, Министерството за култура и туризам ќе се фокусира на остварување на следниве стратешки приоритети и приоритетни цели:

Приоритет 1: *Развој на координирана и ефикасна културна политика*

Цели

- Воспоставување функционални правни, организациски, материјални и финансиски услови за развој на културата и туризмот.
- Воспоставување експертска и вонпартиска кадровска политика.
- Обезбедување автономија на субјектите во културата.
- Воведување принципи на транспарентност и партиципативност во процесите на носење одлуки и стратегиско управување, особено: евалуација, анализи, истражувања и интерсекторско усогласување со другите ресори на државните политики.

Приоритет 2: *Градење унитарно, мултикултурно и толерантно општество преку суштинска политичка поддршка со која Република Северна Македонија ќе се гради како граѓанска држава на сите што живеат во неа: Македонци, Албанци, Турци, Срби, Власи, Роми, Бошњаци и сите други помали заедници, во насока на поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување*.

Цели

- Спроведување културна политика во која клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се пристапноста, учеството и еднаквите услови и права на сите.
- Ревизија на целокупната политика во дејноста, критериумите за финансирање во дејноста и востановување нови, врз основа на евалуација и јасни показатели.
- Постепена децентрализација, односно преминување на дел од центрите за култура/домовите на културата и манифестациите на локално ниво.
- Афирмација на културата како клучен економски, социјален и политички капитал и фактор што го шири демократскиот јавен простор.
- Унапредување на заемното разбирање, дијалогот и рамноправната вклученост на ранливите и маргинализираните групи во културната продукција и во социокултурниот живот, со што културата ќе се презентира како фактор на општествена кохезија и трансформација.
- Негување на македонскиот јазик, на јазиците на заедниците и на интеркултурната соработка.

Приоритет 3: *Заштита на културното наследство*

Цели

Остварување на јавниот интерес во заштитата и конзервацијата на културното наследство, особено преку:

- идентификација, документирање, истражување и интерпретација, валоризација, реваloризација и категоризација на културното наследството;
- примена на научни, стручни, конзерваторско-реставраторски и други технички мерки за заштита на културното наследството;
- презентација и популаризација на културното наследство и развивање на свеста за неговите вредности;
- вклучување на знаењата за културното наследство во сите форми и степени на образованието;
- поттикнување на одржливото користење на културното наследство во согласност со принципите на интегрирана заштита;
- промоција на културната разноликост, со почит кон разноликоста на културното наследство и толкувањата за него;
- создавање услови за конзервација и интегрирано управување и други активности на социјална инклузија;
- управување со ризиците на кои е изложено културното наследство и справување со последиците од климатските промени;
- заштита на нематеријалното наследство преку изработување и чување записи за него, како и со поттикнување на неговото пренесување во изворните и во другите средини;
- развој на меѓународна соработка;
- учество на јавноста во креирањето и спроведувањето на политиките поврзани со заштитата и конзервацијата на културното наследство.

Приоритет 4: *Унапредување на меѓународната соработка и ефективна промоција на културата на Република Северна Македонија во меѓународни рамки*

Цели

- Јакнење на добрососедските односи, на соработката со европските и со воневропските земји на билатерален и на мултилатерален план.
- Активна комуникација и партиципација во иницијативите и во проектите на меѓународните организации.
- Реализација на програми и проекти што ќе овозможат поголемо присуство и видливост на културата на Република Северна Македонија во меѓународни рамки.

Приоритет 5: *Зајакнување на процесот на европска интеграција во културата*

Цели

- Ефикасно користење на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) 2021 – 2027 на Европската Унија (ЕУ) и на програмите на ЕУ за националните културни установи, граѓанскиот сектор во областа на културата, како и за независната сцена.
- Зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) како основен стратегиски програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија.
- Поддршка на транснационалната европска соработка преку „Креативна Европа 2021 – 2027“.
- Соработка со институциите на ЕУ и активно следење на европските културни политики и практики.
- Вклучување во нови иницијативи на ЕУ за државите од Западен Балкан, во согласност со потребите на македонскиот културен сектор.
- Обезбедување техничка поддршка на националните и на локалните институции од областа на културата за подготовка на апликациски пакети за апсорпција на ЕУ-фондовите/приоритетите.
- Подготвување анализи, развивање стратегии, акциски планови, иницијативи (национални, регионални и сл.) како помошни механизми во процесот на евроинтеграција.
- Промоција и поголема видливост на европските програми и на реализираните проекти.

Приоритет 6: *Промоција, поддршка и развој на севкупната туристичка понуда на на Република Северна Македонија*

Цели

- продлабочување на соработката со старите / традиционалните пазари, освојување на нови пазари и развој на домашниот (внатрешен) туризам
- промоција на севкупната туристичка понуда со користењена најразлични меркетинг алатки
- анализа на постоечките состојби/пазари и отварање на нови пазари,
- зајакнување на соработката со туристичкото стопаство преку мерки за поддршка
- обезбедување на нови стратешки партнерства и соработка,
- потикнување и промоција на бизнис климата во туристичкиот сектор,
- зголемена поддршка во делот на создавање на нови туристички атракции во соработка со локалната самоуправа,
- да се зајакне и да се обезбеди одржливост на тековните производи од туризмот, како и развој на нови,

- реализација и поддршка на проекти за развој и создавање на нови туристички продукти и локални туристички брендови,
- субвенционирање на странски организиран туристички промет

1.9. ОСВРТ КОН ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2025 ГОДИНА

Уметничко творештво и дејности од областа на културата

Културните политики на Република Северна Македонија се реализираат преку националните установи од областа на културата, единиците на локалната самоуправа, јавните установи, граѓанскиот сектор и индивидуалните творци кои колективно придонесуваат кон создавање, афирмација и дистрибуција на културните вредности. Творештвото се артикулира низ работата на 39 национални установи (театари, центри и домови за култура, Филхармонија, Национална Опера и Балет, две установи за традиционален танц и песна (македонска и албанска) Во однос на финансирањето, во 2025 година беше спроведен целосно (реформски) изработен Годишен конкурс за поддршка на проекти од Национален интерес во културата. Истиот беше електронски објавен во предвидениот законски рок, на кој евалуираа стручни комисии од сите дејности. За прв пат годинава беше применет и Делегираниот буџет кај 11 установи на ниво на цела култура. Во рамки на програмите од национален интерес се финансираа проекти и прогами на националните установи во музичката и музичко-сценската дејност, драмската дејност, кои се во функција на рамномерен културен развој на територијата на цела Република Северна Македонија, градење на високи уметнички вредности, проекти кои се во функција на локалниот културен развој преку манифестацијата „Град на културата за 2025 година“ која се реализираше во Гевгелија и се поддржа со 3.000.000 денари. Во рамки на програмите од национален интерес беа поддржани и проекти за афирмација на културата и инклузија во културниот систем на лицата со специфика. Поддржани се проекти со средства во висина од 2.525.400 денари. Посебен акцент е ставен и на фолкоорната дејност согласно со програмата на Владата, со буџет од 41.500.000 за проекти во земјата и 12.000.000 денари за фолклорни манифестации. Кон ова треба да се напоменат и проектите наменети за најмалдата популација во висина од 10.000.000 денари во националните установи и кај здруженијата на граѓани. Со проектите беше овозможено и активно учество на граѓанскиот сектор во културната програма на национално ниво, одбележани јубилеи на значајни личности од областа на културата и уметноста во рамките на програмите од национален интерес.

Капитални инвестиции и инвестиционо и тековно одржување на инфраструктурата на НУ од областа на културата за 2025 година:

Во делот на инвестициско одржување и набавка на опрема за националните установи за 2025 година, Министерството за култура поддржа вкупно 30 Национални установи со проекти содржани во годишните програми за работа на националните установи од областа на културата за 2025 година со финансиски средства во износ од 18.132036,00 денари.

Министерството за култура донесе Програма за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2025 година бр. 50-827/3 од 24.02.2025 година, со која беа финансирани капитални инвестициони проекти за продолжување со изградба на нови проекти и за реконструкција на постоечки објекти на установи од областа на културата во вредност од 123.775.000,00 денари.

Со оваа програма се реализираа работи за проектите за Универзална сала, Турски Тетара во Скопје, Театар и библиотека во Тетово, Театарот во Струмица и Куманово, Кино Партиззан при Ну Народен театар Битола, како и санации на НУ НУБ Климент Охридски во Скопје, санација на Македонски народен театар, НУ Театар Јордан Хаџи Константинов Џинот во Велес. Планираните финансиски средства за реализација на оваа програма, беа обезбедени од Буџетот на Министерството за култура раздел 18010 – Финансирање на дејности од областа на културата, потпрограми 40,41, 49, 50, 84 и 85 од ставките 482 – други градежни работи.

Во 2025 година Министерството за култура, за реализација на капитални дотации во областа на културата, со единиците на локална има склучено договори за реализација на средства во износ од 622.679.503,00 деанри од кои за 2025 година беа предвидени да се реализираат во износ од 135.539.410,00 деанри. Овие договори се склучени согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа во областа на културата за 2025 година бр. 50-6255/7 од 1.7.2025 година, донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Издавачка дејност и литература

Во 2025 година на Годишните конкурси и од проектите на националните установи од областа на литературата и издавачката дејност беа поддржани 510 проекти, од кои 32 проекти на национални установи и 478 проекти од други корисници. Во 2025 година целосно беа реализирани 31 проект на националните установи, односно 97% реализација и 462 проекти од други корисници, односно 97% реализација.

Заштита на културното наследство

Во 2025 година успешно продолжи континуираното финансирање и реализација на проекти од областа на заштитата на културното наследство преку редовните Годишни програми (20, 50, 58, 59, 80 и 81), со што се обезбеди сеопфатна и системска грижа за сите категории материјални и нематеријални културни добра.

Во рамките на Годишните програми за заштита на недвижното културно наследство (Програми 50, 58 и 59) беа одобрени вкупно 146 проекти, што претставува значаен обем на активности и силна институционална посветеност. Најголемиот дел од проектите се реализираа преку националните установи, со активно учество на локалните институции, други буџетски корисници, правни субјекти и физички лица. Воведувањето на делегиран буџет кај пет национални установи дополнително ја зајакна ефикасноста, флексибилноста и автономијата во спроведувањето на програмските активности. Вкупната реализација од 72% ја потврдува стабилната динамика и континуитетот во спроведувањето на мерките за заштита.

Во областа на недвижното културно во 2025 година, вниманието е насочено кон адекватната заштита на сакралните и на профаните споменици на културата, како и на откриените структури од археолошките истражувања. Во оваа смисла, ќе продолжи реализацијата на повеќегодишните проекти: Адаптацијата на објектот Св. Ѓорги/Мехмед Ефенди – Јени џамија во галериски простор; Конзерваторско-реставраторски работи на живописот од црквата Св.Богородица Болничка во Охрид, Конзервација и доистражување на просторот од Самуиловата Тврдина/Цитедалата, со цел ревитализација на целиот простор заради целосна презентација и самоодржување.

Во рамките на Програмата за работа на Владата, предвидени се шест проекти од областа заштитата на недвижното културно наследство: непосредната заштита на аквадуктот во Скопје; Сарајот на Ахмед Нијази бег во Ресен; црквата Св. Богородица во Лешочкиот манастир во село Лешок -Тетово; конзервацијата на црквата „Св. Ѓорѓи“ во с. Курбиново, Ресенско и заштитата и конзервацијата на недвижното и движното културно наследство на Лазар Личеноски и Реконструкција и адаптација на објектот на старото школо на КП.2524, КО Љубојно, општина Ресен.

Преку Годишната програма во областа на **музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство** Во областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство (Програма 80), со висок степен на реализација од 99,6%, се потврдува ефикасноста и високото ниво на институционална посветеност. Реализираните активности овозможија значителен напредок во истражувањата, конзервацијата, модернизацијата на музејските поставки и подобрувањето на условите за чување на културните добра. Посебно се издвојуваат бројните едукативни и инклузивни програми, како и континуираното негување на традиционалните културни манифестации.

Значителен напредок е постигнат и во процесите на дигитализација, преку обезбедување електронски записи и унапредување на пристапот до документацијата, што обезбедува долгорочна заштита и поширока достапност на културното наследство.

Во областа на заштитата на аудиовизуелното наследство, сите планирани активности беа реализирани во целост, со што се обезбеди континуирана заштита, дигитализација и промоција на филмското наследство.

Библиотечната дејност исто така бележи целосна реализација, со значајни резултати во збогатувањето на книжниот фонд, унапредувањето на библиотечните услуги и заштитата на вредниот библиотечен материјал.

Меѓународна културна соработка 2025

Најголемата поддршка во насока на промоција и афирмација на културните вредности на Република Северна Македонија во меѓународни рамки, Министерството за култура и туризам ја обезбедува преку Годишните конкурси за поддршка на проекти од национален интерес во културата. Во таа смисла, во рамките на Годишниот конкурс за меѓународна дејност во 2025 година, заложбите на Министерството за култура и туризам беа да се поддржат квалитетни и иновативни проекти во кои се вклучени етаблирани автори и репродуктивни уметници, проекти кои се во функција на промоција и афирмација на младите таленти, кои се резултат на копродукциска соработка или соработка со меѓународни субјекти од областа на културата, проекти што се реализираат во земјите претседавачи со ЕУ, во градовите европски престолнини на културата, во културно-информативните центри на Република Северна Македонија во странство, како и проекти кои се однесуваат на соработката со меѓународните организации. Во таа насока, од поголемите претставувања на македонската култура во 2025 година се издвојија настапите на Драмскиот театар од Скопје во Љубљана, Белград, Тиват, Бриони и Сараево во рамките на Регионалната унија на театри РУТА; гостувањето на Балетот при Националната опера и балет во Холандија, Белгија, Турција и Португалија; гостувањето на националната филхармонија во Австрија, во престижниот Музикферајн; гостувањето на Ансамблот „Танец“ во Хрватска, Словенија, Австрија, БиХ и Бугарија. Од реализираните проекти на другите корисници, интересот на меѓународната јавност го предизвикаа: учеството на Здружението на хорски камерни состави „Св. Злата Мегленска“ на Фестивалот на европска црковна музика во Швебиш Гмунд, Германија; реализацијата на концерт на квинтетот „Македонисимо“ во Темишвар, Романија; Милано, Италија и во Хонг Конг, НР Кина; учеството на Арт балет на Меѓународниот танцов фестивал „Art of Dance Festival“ во Белград, Србија; учеството на танчери со Даунов синдром и други попреченост на Светско првенство во танци во Варшава, Полска; концертите на Страшо Темков, Арда Мустафаоглу, Ева Богоевска, Антонио Китановски, Владимир Василески-Четкар; настапите на културно-уметничките друштва „Мирче Ацев“, „Ибе Паликуќи“, „Блажевски“, „Илинден“, „Емин Дураку“, „Вапцаров“; изложбите на Решат Амети, Башким Меџити., Никола Смилков, Слободан Милошески, Марина Цветановска-Мартиновска и др. Исто така, традиционално се одржа и манифестацијата „Македонско културно лето во Пустец и во Корча“.

- Меѓународни документи, спогодби и програми за соработка

Во текот на 2025 година, Министерството за култура и туризам преку Секторот за меѓународна соработка интензивно работеше и на усогласување на текстовите на билатералните документи со Мексико, Унгарија, Израел, Обединети Арапски Емирати и Египет, како и со Меѓународната организација на ТУРКСОЈ.

- Учества на меѓународни настани, традиционални манифестации, комплексни претставувања

Во 2025 година Република Северна Македонија традиционално се претстави на Венециското биенале на архитектурата преку проектот „Strada Brutalissima“ на авторите Благоја Бајковски, Ана Рафаиловска, Марија Антиќ Николовска и Невенка Манчева Аџиевска. (куратор: Национална галерија на Република Северна Македонија), а не изостана ниту реализацијата на манифестацијата во чест на Св. Кирил во Рим, во чии рамки во 2025 година беше реализиран концерт на пијанистот Симон Трпчески кој беше проследен со извонредни критики од италијанската јавност.

Во 2025 година ресурсите на Министерството за култура и туризам беа насочени кон претставувањето на Република Северна Македонија на ЕХРО Осака, каде истовремено и по повод одбележувањето на 8 септември, Денот на независноста, беше реализиран настап на Камерниот оркестар „Ајга“ со македонските оперски пеачи Ана и Игор Дурловски, концерт на познатиот џез гитарист и автор Владимир Василески – Четкар, како и настапот на Кирил Џајковски и неговиот бенд. Во рамките на претставувањето на нашата држава на оваа престижна манифестација беше реализирана и изложба посветена на архитектот Кензо Танге, како и настап на Ансамблот „Танец“. Присуството на нашата држава на овој светски настан беше оценето како исклучително успешно, а павиљонот беше награден во својата категорија.

- Саеми на книгата

Во 2025 година во рамките на Конкурсот за меѓународна дејност беше поддржано учеството на Саемот на книгата во Лајпциг и во Франкфурт, каде беа претставени изданијата на повеќе издавачки куќи од нашата држава.

- Културно-информативни центри во странство

Во 2025 година, согласно потпишаната Спогодба меѓу Република Северна Македонија и Република Србија, започна со работа Културно-информативниот центар на нашата држава во Белград. Отворањето на КИЦ беше одбележано со наменски подготвена програма која беше провокација за бројните посетители како и припадници на нашата заедница во Република Србија. Во рамки на програмата за 2025 година на центрите во Њујорк, Софија, Тирана, Истанбул, Загреб, пред странската јавност се претставија музичките уметници Даница Стојанова, Македонскиот брас квартет, групата Баклава, хорот Менада, ликовните автори Страхил Петровски, Роберт Јанкуловски, Верим Зендели, Никола Пијанманов и др.

Во однос на двомесечниот престој на македонски уметници во македонското ателје при Меѓународниот град на уметностите во Париз, во 2025 година пред француската јавност се претставија неколку уметници од Република Северна Македонија, меѓу кои беа Владимир Темков и Мирјана Крстева Массетти.

МУЛТИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

Што се однесува до мултилатералната соработка, Министерството за култура и туризам и во 2025 година особено внимание посвети на активностите што се однесуваат на состојбата со „Природното и културното наследство на Охридскиот Регион“, впишано на Листата на УНЕСКО за светско наследство. До Центарот за светско наследство на УНЕСКО беше доставен заедничкиот Извештај со Република Албанија за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката 46 COM 7B.44 (Њу Делхи, Индија).

Од 7 до 11.07.2025 година на 47. сесија на Комитетот на УНЕСКО за светско наследство, која се одржа во Париз, Франција учествуваше официјална делегација од нашата држава. Како резултат на делувањето на делегацијата, Комитетот ја донесе одлуката 47.COM.7B.54 со која на нашата држава и на Република Албанија им се даде дополнително една година за спроведување корективни мерки, односно временска рамка за имплементација на препораките од Реактивните мониторинг мисии од 2020 и 2024 година на Центарот за светско наследство на УНЕСКО и советодавните тела, како и целосно имплементирање на Стратегискиот план за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2023-2030) од страна на двете земји.

Што се однесува до активностите на УНЕСКО поврзани со Конвенцијата за заштита на нематеријалното културно наследство, Република Северна Македонија до УНЕСКО го поднесе досието „Етноастрономија/Стара небесна карта на македонскиот народ“ за можно впишување во 2026 година на Листата на УНЕСКО на нематеријално културно наследство за ургентна заштита. Исто така беа формирани работни групи кои во периодот кој претстои работат на номинациони досиеа за впишување на нови нематеријални добра на листите на УНЕСКО за заштита на нематеријалното културно наследство.

Во однос на имплементацијата на Конвенцијата на УНЕСКО за мерките за забрана и спречување на недозволениот увоз, извоз и пренос на сопственоста на културните добра, во рамките на проектот „Борба против недозволената трговија со културни добра во Западен Балкан“, финансиран од ЕУ, а имплементиран од страна на УНЕСКО, треба да се напомене и учеството на претставници од Министерството за култура и туризам и експерти од нашата држава на работилниците во: Мадрид, Шпанија, Анкара, Труција и Мостар, БиХ, како и на 8. состанок на земјите членки – потписнички на оваа Конвенција, кој се одржа во Париз, Франција.

Во рамките на имплементацијата на Конвенцијата на УНЕСКО од 2005 година за заштита и унапредување на разновидноста на културните изразувања го истакнуваме учеството на делегациите од Министерството за култура и туризам на 18. сесија на Меѓувладиниот комитет за заштита и унапредување на разновидноста на културните изразувања и на 10. сесија на Конференцијата на државите-членки на Конвенцијата, Париз, Франција. Во насока на спроведување на Конвенцијата, Владата на РСМ донесе одлука за формирање на интерресорска работна група која ќе работи на подготовка на Периодичниот извештај за имплементација на Конвенцијата кој треба да се достави до УНЕСКО најдоцна до 30 јуни 2027 година. Оваа работна група е формирана со Решение на министерот за култура и туризам во октомври 2025 година.

Во однос на вклученоста на нашата држава во заедничкиот проект за повторно воспоставување на заедничка постојана поставка во блокот 17 на Државниот музеј Аушвиц-Биркенау во Полска, координиран од Регионалното биро на УНЕСКО за наука и култура во Европа со седиште во Венеција, Италија, и во 2025 година беа одржани неколку состаноци во функција на спроведување на процедурата за усогласување на текстот на договорот со Фондацијата Аушвиц - Биркенау, која управува и го менаџира Државниот музеј Аушвиц – Биркенау.

Во рамките на членувањето во Меѓународната фондација „Форум на словенски култури“, во 2025 година, Министерството за култура и туризам обезбеди средства за котизацијата за членство во оваа фондација, но и за иницијативите и активностите на Форумот. За одбележување е дека НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид ја доби наградата за Најдобар словенски локалитет во рамките на наградата „Жива“ за 2025 год. која беше доделена во Требиње, Босна и Херцеговина, а треба да се напомене и дека Министерството за култура и туризам беше домаќин на состанокот на експертската работна група за заштита на културното наследство кој делува во рамките на Форумот за словенски култури.

Како и секоја година, за членувањето во меѓународните организации во кои партиципираме како држава преку своите институции, здруженија и експерти од областа на културата и кои се со консултативен статус при УНЕСКО и други меѓународни организации, Министерството за култура и туризам и цо 2025 година обезбеди финансиска поддршка за покривање на трошоците за годишните котизации/членство и за реализација на одредени активности во рамките на соодветните меѓународни организации (ИКОМ, ИКОМОС, АИКА, ИССН, ИФЛА, АЦЕ, ФИАФ, ЦИОФФ).

Зајакнување на процесот на европска интеграција во културата

Во тековната 2025 година, Секторот за европски интерграции работеше на тековните задачи во рамки на европските програми, но и реализираше активности кои имаат за цел забрзување на евроинтегративниот процес преку соработката помеѓу државите од Западен Балкан и ЕУ.

Усогласувањето и усвојувањето на правото на ЕУ продолжија и во 2025 година. На квартално ниво се реализирани активности во насока на планирање, подготовка, следење и известување за имплементацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европска Унија (НПАА) за Поглавје 26 и ажурирање на матрицата, за што до Министерството за образование беа доставувани квартални извештаи за реализирани активности (тековна состојба, краткорочни и среднорочни приоритети) кои се однесуваа на законодавството, програмата „Креативна Европа“, УНЕСКО, Меѓународната конвенција на УНЕСКО за заштита и унапредување на различноста на културните изрази и Охридскиот Регион и Креативните индустрии.

Дополнително, на барање од Секретаријатот за европски прашања, Министерството за култура и туризам во септември 2025-та година достави ажуриран придонес кон извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија, кој се однесуваше на следниве области од културата:

1. Имплементација на стратегијата на Министерството за култура

2. Меѓународна конвенција на УНЕСКО за заштита и унапредување на различноста на културните изрази

3. Креативна Европа (КУЛТУРА И МЕДИА).

Исто така, во јануари 2025 година до Секретаријатот за европски прашања беше доставен писмен материјал за подготовка на Министерството за култура и туризам за учество на Дваесетиот поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика, што се одржа на 23.01.2025 година. Материјалот за Поткомитетот опфаќаше информации за:

1. Креативна Европа и МЕДИА
2. Законодавство
3. Заштита на културно наследство, старите чаршии.

Во рамки на годишниот Конкурс на Министерството за култура и туризам за финансирање на програми и проекти од национален интерес во културата за 2025 година, одобрени се финансиски средства за поддржување на вкупно 13 проекти од областа на Европските интеграции на 8 национални установи, во вкупен износ од 2.557,480 денари.

Претставници од Секторот за Европски интеграции како членови на Комисиите за следење на Програмите за прекугранична соработка 2021-2027, на Република Северна Македонија со соседните земји (Р. Грција, Р. Бугарија, Р. Албанија, Р. Косово и Р. Србија)., активно учествуваа на состаноците одржани во текот на 2025 година.

Исто така, претставник од Секторот за Европски интеграции како член/заменик член активно учествуваше на состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД ПРОГРАМАТА 2021-2027.

Во 2025 година, согласно препораките на Европската комисија дадени на 20-тиот Поткомитет за иновации, информациско општество и социјална политика, одржан на 23 јануари 2024 година преку ВТЦ, Министерството за култура и туризам, како координативно тело, во соработка со Агенцијата за филм на Северна Македонија, започна постапка за преземање на административната надлежност над Потпрограмата МЕДИА. На 11 март 2025 година (на 57-та седница на Владата на РСМ), беше донесена одлука за префрлување на администрирањето на Канцеларијата за МЕДИА

под надлежност на Министерството за култура. Во мај 2025 година беше потпишан монокорисnички грант-договор со Извршната агенција, по што Канцеларијата продолжи да ги спроведува програмските активности за двете потпрограми – Култура и МЕДИА, а во рамките на монокорисничкиот грант договор потпишан со Европската комисија во мај 2025 година.

Организирани јавни настани:

1. Канцеларијата продолжи да ја промовира програмата Креативна Европа (Култура и МЕДИА) преку јавни настани. Одржани се 4 јавни настани наменети за корисниците на ККС и филмскиот сектор и тоа:

· Панел-сесии на тема: „Креативна Европа – Соработка, мобилност и вмрежување“ – 24 јуни 2025, Скопје

Настанот беше организиран од Канцеларијата на Креативна Европа – Северна Македонија, во партнерство со Канцелариите на Креативна Европа од Словенија и Босна и Херцеговина, и во соработка со други меѓународни, регионални и домашни организации и институции, меѓу кои: Меѓународната мрежа „On the Move“ – Белгија/Франција, Центар за современи уметности „Топлоцентрала“ – Софија, Бугарија, Центар за современи уметности – Скопје, Младински културен центар – Скопје, Институтот ФАМЕС – Скопје, ПИН музичка конференција – Скопје, Скопски џез фестивал, Македонска асоцијација на џез музичари и слободни уметници, НУ Оркестар за џез музика, Европската кино мрежа (Europa Cinemas) – Франција, НУ Кинотека на Македонија, НУ Центар за култура – Битола, Панел-сесиите опфатија повеќе аспекти поврзани со значењето на европската културна соработка, мобилноста и вмрежувањето. Особено внимание беше посветено на секторските политики, вклучително и музичкиот сектор и филмската индустрија, со фокус на значењето на европската кино мрежа и можностите за регионална и меѓународна соработка.

2. Работилница посветена на повикот за Европски Мини Слејт развојни проекти на потпрограмата МЕДИА во организација на Канцеалријата за Креативна Европа, во соработка со експерти од хрватска и со фестивалот за креативен документарен филм 16. МакеДокс. Работилницата беше наменета за продуцентите кои планираат да поднесат апликации во рамките на тековниот повик.

3. „ Можности за аплицирање во рамките на Потпрограмата МЕДИА на Креативна Европа“ ЕУ Хаус во Тетово

Во рамките на 14-тото издание на Меѓународниот филмски фестивал се одржа тркалезна маса на тема: „Можности за аплицирање во рамките на потпрограмата МЕДИА на Креативна Европа“ во Европската куќа во Тетово.

Сесијата беше во организација на Канцеларијата за Креативна Европа при Министерството за култура и туризам, Меѓународниот филмски фестивал во Тетово и Европската куќа во Тетово.

4. Дводневниот транснационален настан на тема: „Унапредување на културното наследство преку европска соработка - мрежи, мобилност и можности за финансирање од ЕУ", одржан на 14 и 15 октомври 2025 г. Настанот се реализираше во организација на Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија (Канцеларија на Креативна Европа), во партнерство со: Делегацијата на Европската Унија и Европската куќа во Скопје, Министерството за образование и наука, Агенцијата за европски образовни програми и мобилност, НУ Завод и музеј – Битола, НУ Археолошки музеј на РС Македонија, НУ Стоби, Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Центар за нови иницијативи во уметноста и културата – Локомотива, Скопје.

Тематски настанот се фкусираше на културното наследство како основа врз која се темелат политиките на Европската Унија и можностите за финансирање преку програмите „Креативна Европа", „Еразмус+" и „Хоризонт Европа".

Учество на јавни настани:

· Учество на завршната он-лајн конференција на проектот ReImagine, на тема: „Знаење, импакт, иднина“ поддржан од Потпрограмата Култура, која се одржа на 19 септември 2025 година, во организација на партнерските организации на овој проект.

· Учество на редовен состанок на Канцелариите за Кретивна Европа во организација на ЕК и Извшрната агенција за образование и култура при ЕК, 1-3 окотомври 2025 година, а во рамки на кој се одржа посебна сесија на за западен Балкан на тема: „Релевантноста на врмежувањето и мобилноста и кофинансирање –модели и предизвици“ во организација на нашата Канцеларија и Канцелариите на Креативна Европа од Западен Балкан.

· Учество на состаноци на мрежата на Креативна Европа и следење на различни тренинзи и вебинари преку платформата на Тимс

· Реализирана билатерална, регионална и европска соработка со Канцелариите за Креативна Европа. · Подготовена и објавена новата веб страната на Канцеларијата за Креативна Европа www.ced.mk;

· Изработени и десиминирани промотивни матереријали на Канцеларијата за Креативна Европа

· Реалзиирана техничка помош за заинтересираните потенцијални апликанти за повиците за аплицирање за категоријата Проекти за соработка и Циркулација на европски книжевни дела;

· Промоција на поддржани проекти во рамки на програмата Креативна Европа – потпрограма Култура;

· Медиумска промоција на програмата, актуелните повици, успешните проекти преку електронските медиуми, веб страната и фејсбук профилот на Министерството за култура и туризам и новата веб страна на Канцеларијата www.ced.mk;

· Реализирани индивидуални консултации со заинтересирани потенцијални апликанти.

Во рамки на објавениот конкурс за учество во финансиарње проектни активности на правни лица од Република Северна Македонија во европски проекти кои се поддржани од Потпрограмата Култура на Креативна Европа 2021-2027 на Европската Унија за 2025 година, се поддржани вкупно 12 проекти, во вкупен износ од 5,003,809 денари.

Соработката со Советот на Европа активно продолжи и во 2025 година. Претставници од Секторот за европски интеграции редовно учествуваат на состаноци на Управувачкиот комитет за култура, наследство и предел (CDCPP) на Советот на Европа, Управниот Одбор на ЕПА на културните рути, годишни советодавни форуми и други настани поврзани со програмата Културни Рути на Совет на Европа, каде се разгледуваа и можностите за конкретна соработка во сферата на културата со цел развој на културниот туризам и општиот економски развој на државата.

Во ова насока, Министерството за култура и туризам во рамки на Програмата за соработка со културните рути на Советот на Европа, на 16 април 2025 година во „Јавна соба“, Скопје, организираше еднодневен настан на тема: **„Форум за културните рути на Советот на Европа во функција на развојот на културниот туризам“,** каде што учествуваа претставници на културните рути на Советот на Европа : Културната рута Итер Витис, Рутата на Римските императори и Дунавска винска Рута и Рутата на Св. Кирил и Методиј, како и други бројни институции од областа на културата, културното наследство и туризмот.

Исто така, во пресрет на прославата на 24 мај - Денот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј, Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 20 мај во Јуроп Хаус – Скопје, организираше промоција на две публикации, и тоа списанието „Европа: по рутата на Кирил и Методиј“ – туристичка публикација и преводот на македонски јазик – романот „На убавата сина Джевнице“ од чешкиот писател Антонин Бајаја во издание на „Перун Артис“ од Битола.

По промоцијата на двете публикации, на 21 мај, во „Порта Македонија“, Институтот за македонска литература, организираше состанок на Генералната асамблеја на асоцијацијата на Европската културна рута на Св.Кирил и Методиј при Советот на Европа, во која учествуваа претставници на асоцијацијата Европската културна рута на Св. Кирил и Методиј при Советот на Европа, од Чешка и Словачка, Бугарија и други еминенти гости.

На 6-7 мај, 22025 година, претставник на Секторот за европски интеграции учествуваше на онлајн состанокот на Управниот Одбор на ЕПА за културните на Советот на Европа кој се одржа во Луксембург.

Министерството за култура и туризам преку Секторот за европски интеграции редовно и навремено ги подмирува годишните обврски за уплата на влезниот билет за Програмата за културните рути на Советот на Европа, во вкупен износ од 590,000.00 денари.

Соработката помеѓу Министерството за култура и туризам и Британскиот совет продолжи и во текот на 2026 година, врз основа на потпишан Меморандум за разбирање со кој се реафирмира 30-годишното партнерство и пријателство, а со тоа и можноста за поголема достапност на програмите на Британскиот совет во нашата земја и засилени кампањи за нивна афирмација.

Во функција на понатамошната соработа во областа на креативните економии и индустрии, и врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу Министерството за култура и туризам и Универзитет „Св.Кирил и Методиј’’ - Скопје, се формира Експертска група составена од домашни и британски експерти, при што Институтот за социолошки и политичко правни истражувања – Скопје, при Универзитет „ Св.Кирил и

Методиј'' – Скопје, беше назначен како соодветна единица, задолжена за спроведување на проектот ''Мапирање на креативните индустрии во Република Северна Македонија'.

За реализацијата на првата фаза на предметниот проект, министерството има одобрено буџет во вкупен износ од 1,000,000.00 (еден милион денари).

Родово одговорно буџетирање

Родово одговорното буџетирање претставува инструмент за интегрирање на принципите на родова еднаквост во процесите на планирање, програмирање, распределба и следење на јавните средства. Неговата суштина не се сведува единствено на утврдување на бројот на жените и мажите кои учествуваат во одделни програмски активности, туку подразбира систематско испитување на начинот на кој јавните ресурси влијаат врз еднаквите можности за учество, професионален развој, творечка афирмација и пристап до финансиска поддршка.

Во областа на културата, родово одговорното буџетирање има особено значење поради специфичната улога на јавните средства во создавањето услови за културна продукција и професионална афирмација. Финансиската поддршка што ја обезбедува Министерството за култура и туризам преку годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес во културата претставува значаен инструмент преку кој државата влијае врз развојот на културниот и креативниот сектор. Оттука, следењето на родовата структура на поднесените и поддржаните проекти овозможува да се утврди дали постојните механизми на јавна поддршка создаваат еднакви можности за жените и мажите.

Анализата за 2025 година произлегува од стратешките определби на Министерството за култура и туризам за унапредување на родовата еднаквост и инклузивноста во културните политики и се поврзува со релевантните стратешки и програмски документи, вклучително и со Стратегијата за родова еднаквост, стратешките планови на Министерството и годишните програми и конкурси за финансирање проекти од национален интерес во културата. Во овој контекст, родовата перспектива се применува како хоризонтален принцип во планирањето и спроведувањето на програмите, со цел да се обезбеди еднаков пристап до јавните ресурси и да се идентификуваат областите во кои постојат родови разлики што бараат дополнително внимание.

За потребите на анализата, податоците се разгледуваат на ниво на одделни програмски области, со посебно внимание на учеството на жените и мажите како носители на проекти, бројот на одобрени проекти и распределбата на финансиските средства. Ваквиот пристап овозможува родовата еднаквост да не се оценува само преку бројот на поддржани корисници, туку и преку вредноста на јавните средства што им се доделени. На тој начин се создава посеопфатна основа за процена на ефектите од јавната финансиска поддршка.

Програма 10 – Литературна и издавачка дејност

Во рамките на Програмата 10 – Литературна и издавачка дејност, родовата перспектива е особено релевантна поради директната поврзаност на програмата со книжевното творештво, издаваштвото и промоцијата на авторското творештво. Програмата овозможува поддршка на различни книжевни жанрови и форми и создава простор за афирмација на домашни автори, преведувачи, уредници и други професионалци во издавачкиот сектор. Во рамките на Годишниот конкурс за проекти од национален интерес во културата за 2025 година биле примени вкупно 881 апликација. Од физички лица биле поднесени 72 апликации од жени и 110 од мажи, додека кај правните субјекти 225 апликации биле поднесени од жени-носителки и 474 од мажи-носители. Податоците укажуваат на поизразена застапеност на мажите во структурата на апликантите, што претставува релевантен индикатор за понатамошно следење на родовата структура на корисниците на програмата.

Истовремено, Програмата 10 има потенцијал не само да влијае врз бројчениот однос меѓу жените и мажите како корисници на финансиска поддршка, туку и врз видливоста на женското авторство и застапеноста на жените во книжевниот и издавачкиот простор. Особено значајно е следењето на бројот на изданија од жени авторки, учеството на преведувачки и уреднички, како и поддршката на дела што обработуваат теми поврзани со родовата еднаквост, положбата на жената и родовите односи во општеството.

Програма 72 – Мултидисциплинарни програми

Во рамките на Програмата 72 – Мултидисциплинарни програми, во 2025 година биле финансирани 12 проекти со вкупна финансиска поддршка од 8.374.500 денари. Од нив, 4 проекти, односно 33,3%, биле предводени од жени, со вкупно доделени 2.688.000 денари, што претставува 32,1% од средствата. Останатите 8 проекти, односно 66,7%, биле предводени од мажи, со финансиска поддршка од 5.686.500 денари, односно 67,9%.

Овие показатели укажуваат на родова нерамнотежа во однос на застапеноста на жените како носителки на поддржаните мултидисциплинарни проекти. Истовремено, уделот на средствата распределени на проекти предводени од жени е приближно соодветен на нивниот удел во бројот на поддржани проекти. Тоа покажува дека главниот простор за унапредување во оваа програмска област се однесува пред сè на зголемување на учеството на жените како носителки на проекти.

Од аспект на родово одговорното буџетирање, особено значајно е да се следи дали во рамките на овие проекти жените учествуваат и како авторки, уметнички, куратorки, организаторки и професионални соработнички. На тој начин анализата може да го надмине индикаторот на формалното носителство на проектот и да ја опфати поширокаta структура на учество во културната продукција.

Програма 73 – Креативни индустрии

Во Програмата 73 – Креативни индустрии, за 2025 година биле обезбедени 13.968.000 денари. На јавниот конкурс биле примени 170 апликации, од кои биле одобрени 65 проекти – 26 проекти од правни лица и 39 од физички лица.

Кај правните лица биле поддржани 26 проекти со вкупен износ од 10.924.000 денари. Од нив, 11 проекти, односно 42,3%, биле со жени-носителки, за кои биле доделени 3.489.000 денари, односно 31,9% од средствата. Останатите 15 проекти, односно 57,7%, биле со мажи-носители, со финансиска поддршка од 7.435.000 денари, односно 68,1%. Кај физичките лица биле одобрени 39 проекти во вкупен износ од 3.044.000 денари. Од нив, 20 проекти, односно 51,3%, биле со жени-носителки, со доделени 1.490.000 денари, односно 49,0% од средствата. Кај мажите биле одобрени 19 проекти, односно 48,7%, со вкупна финансиска поддршка од 1.554.000 денари, односно 51,0%.

Овие податоци покажуваат значително порамномерна родова застапеност кај физичките лица, како во бројот на одобрени проекти така и во распределбата на финансиските средства. Кај правните лица, напротив, се забележува поизразена разлика во финансискиот удел во корист на проектите предводени од мажи. Ова укажува дека понатамошното родово одговорно буџетирање во креативните индустрии треба да посвети внимание не само на бројот на жените како кориснички, туку и на вредноста на проектите и обемот на финансиската поддршка што ја добиваат.

Програма 60 – Визуелни уметности, архитектура и дизајн

Програмата 60 – Визуелни уметности, архитектура и дизајн претставува значаен сегмент за анализа на родовата распределба на јавните средства. Во 2025 година биле одобрени вкупно 143 корисници, со вкупна финансиска поддршка од 14.862.280 денари. Од вкупниот број корисници, 72 биле жени, со вкупно доделени средства во износ од 7.160.880 денари, додека 71 биле мажи, со вкупно доделени средства во износ од 7.701.400 денари.

Податоците покажуваат релативно рамномерна родова застапеност во однос на бројот на корисници, при што жените учествуваат со 50,3%, а мажите со 49,7% од вкупниот број корисници. Од аспект на распределбата на финансиските средства, жените учествуваат со 48,2%, додека мажите со 51,8%. Иако разликата во бројот на корисници е минимална, финансиската распределба покажува нешто поголем удел на средствата доделени на мажите.

Овие показатели претставуваат релевантна основа за понатамошно следење на родовата распределба на јавната финансиска поддршка во областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот, особено во насока на следење на тоа дали утврдените разлики во финансискиот обем на поддршката се задржуваат и во наредните циклуси на финансирање.

Сумираните податоци од програмските области покажуваат различен степен на родова застапеност и различни модели на пристап до јавната финансиска поддршка. Во дел од програмите жените се застапени приближно рамноправно, додека во други се забележуваат разлики, особено во однос на носителството на проекти и учеството во распределбата на средствата. Овие разлики претставуваат значаен основ за понатамошно следење, но не можат сами по себе да се толкуваат како показател на дискриминација, имајќи предвид дека проектите се оценуваат според повеќе критериуми, меѓу кои квалитетот, јавниот интерес, професионалните достигнувања, програмската релевантност и финансиската оправданост.

Во таа смисла, родово одговорното буџетирање има за цел да обезбеди систематско следење на ефектите од распределбата на јавните средства врз жените и мажите и навремено идентификување на евентуалните структурни разлики. Од особено значење е воспоставувањето на родово разделена статистика за целиот циклус на поддршката – од поднесување на апликациите, преку одобрувањето и распределбата на средствата, до реализацијата на проектите. Континуираното следење на овие показатели ќе овозможи создавање споредливи податоци низ годините и пообјективна процена на ефектите од применетите политики.

Истовремено, родовата анализа треба да го опфати не само носителството на проектите, туку и учеството на жените и мажите како автори, уметници, преведувачи, уредници, куратори, продуценти, организатори и други професионални учесници во културната продукција. На тој начин ќе се добие поширока слика за реалното учество на жените и мажите во создавањето и афирмацијата на културните содржини.

Податоците за 2025 година претставуваат значајна основа за воспоставување континуиран систем на следење на родовите ефекти од културните политики. Различните состојби утврдени во Програмите 10, 60, 72 и 73 ја потврдуваат потребата родовото расчленување на податоците да стане редовен дел од планирањето, спроведувањето и оценувањето на програмите.

На тој начин, родово одговорното буџетирање се воспоставува не само како инструмент за статистичко следење, туку како механизам за подобрување на квалитетот на културните политики и обезбедување еднакви можности за професионален развој, творечка афирмација и пристап до јавните ресурси. Континуираното следење на показателите, транспарентната распределба на средствата и навременото препознавање на областите во кои постојат родови разлики ќе придонесат кон поинклузивен, разновиден и одржлив културен и креативен сектор.

Програма за промоција и поддршка на туризмот

Туризмот на Северна Македонија располага со значајни природни и културни ресурси, богата гастрономија, гостопримство и разновидна туристичка понуда во сите региони, поддржани од релативно стабилна сместувачка база. Растот на странската туристичка побарувачка и приходите, заедно со потенцијалот за развој на одржливи туристички производи, претставуваат значајна основа за понатамошен развој. Сепак, секторот се соочува и со структурни слабости, меѓу кои се издвојуваат краткиот престој на туристите, концентрацијата на туристичките активности во ограничен број дестинации, недоволно развиените и диверзифицирани туристички производи и слабата локална продажба и резервација. Во исто време, постојат значајни можности за отворање и развој на нови странски пазари, креирање прекугранични и повеќеземјени туристички производи и развој на природен, културен, гастрономски, активен и рурален туризам. Особен потенцијал имаат домашните кратки и вонсезонски патувања, дигиталната продажба и промоција, одржливите туристички производи и регионалните балкански туристички рути. На развојот влијаат и надворешни закани, пред се силната регионална конкуренција, зависноста од ограничен број пазари и продолжувањето на трендот на кратки престои.

Стратешката визија е Северна Македонија да се развие во препознатлива, конкурентна и одржлива туристичка дестинација со квалитетна и разновидна понуда во текот на целата година. Фокусот треба постепено да се помести од развој заснован првенствено на зголемување на бројот на туристи кон развој што создава подолг престој, поголема туристичка потрошувачка и додадена вредност, рамномерен регионален развој, поголеми локални економски придобивки, повисок квалитет на услугите и долгорочна одржливост на дестинациите.

Туристичкиот сектор бележи раст. Во 2025 година бројот на туристи бил за 12,8% поголем во споредба со 2019 година, но бројот на ноќевања пораснал само за 1,9%. Ова покажува дека растот главно се реализира преку бројот на пристигнувања, а не преку продолжување на престојот. Просечниот престој на странските туристи изнесува 1,78 дена, додека во 2019 година бил 2,08 дена. Постои и голема регионална концентрација. 77,8% од туристите се концентрирани во Скопскиот и Југозападниот регион. Тоа значи дека останатите региони имаат значителен неискористен потенцијал.

Во 2025 година, во споредба со 2024 година, се забележува позитивен тренд кај странскиот туризам, додека кај домашниот туризам е регистрирано намалување. Вкупниот број на доаѓања на туристи во 2025 година изнесува 1.336.597, при што странските туристи бележат значителен пораст од 10,3%, од 830.179 во 2024 година на 916.001 во 2025 година. Од друга страна, бројот на доаѓања на домашните туристи е намален за 2,2%, од 430.246 на 420.596. Сличен тренд се забележува и кај остварените ноќевања. Странските туристи остариле 1.631.178 ноќевања во 2025 година, што претставува раст од 6,4% во однос на 2024 година, кога биле регистрирани 1.532.639 ноќевања. Кај домашните туристи, пак, се забележува намалување од 4,1%, од 1.765.093 на 1.692.032 ноќевања.

Во текот на 2025 година, Република Северна Македонија учествуваше на повеќе меѓународни туристички саеми и форуми (во Берлин, Белград, Оска, Истанбул, Нови Сад, Холандија), каде што беше претставена како автентична, безбедна и природно автентична дестинација. Промотивните активности придонесоа за зголемен број медиумски објави и зајакнување на имиџот на земјата како дел од балканската и европската туристичка мапа. Особено е зголемен бројот на туристи од Турција, Србија, Холандија, Франција и Германија, што укажува на успешна диверзификација на изворните пазари. Медиумските кампањи и дигиталната промоција придонесоа за поголема видливост на земјата како сигурна, достапна и автентична дестинација, што позитивно се одрази на зголемувањето на странските ноќевања за над 10%.

Очекувани резултати од програмата

- Број на реализирани промотивни активности (бизнис настани, саеми, кампањи, промоции).
- Зголемување на бројот на туристи и ноќевања во споредба со 2024 година
- Број на поддржани локални туристички субјекти преку програмски мерки
- Број на подобрени инфраструктурни објекти

Надворешни показатели

- најмалку 20 реализирани промотивни активности (настани, саеми, кампањи, медиумски промоции)
- раст од најмалку 10%.на бројот на туристи и ноќевања во споредба со 2024 година
- минимум 50 корисници поддржани локални туристички субјекти преку програмски мерки
- најмалку 10 проекти за подобрување на инфраструктурни објекти
- најмалку 50 странски медиумски објави и промотивни содржини за Македонија како туристичка дестинација.

ОСВРТ КОН ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2026 ГОДИНА

Уметничко творештво и дејности од областа на културата

Културните политики на Република Северна Македонија се реализираат преку националните установи од областа на културата, единиците на локалната самоуправа, јавните установи, граѓанскиот сектор и индивидуалните творци кои колективно придонесуваат кон создавање, афирмација и дистрибуција на културните вредности. Творештвото се артикулира низ работата на 39 национални установи (театари, центри и домови за култура, Филхармонија, Национална Опера и Балет, две установи за традиционален танц и песна (македонска и албанска) Во однос на финансирањето, во 2026 година беше спроведен Годишен конкурс за поддршка на проекти од Национален интерес во културата. Истиот

беше електронски објавен во предвидениот законски рок, на кој евалуираа стручни комисии од сите дејности. По втор пат годинава беше применет и Делегираниот буџет кај 13 установи на ниво на културата за кој е надлежен Секторот дејности.

Во рамки на програмите од национален интерес се финансираа проекти и прогами на националните установи во музичката и музичко-сценската дејност, драмската дејност, визуелните уметности архитектура и дизајн кои се во функција на рамномерен културен развој на територијата на цела Република Северна Македонија, градење на високи уметнички вредности, проекти кои се во функција на локалниот културен развој преку поддршка на проекти на територијата на целата земја односно преку дисперзија на културата од поголемите во помалите средини, како и преку манифестацијата „Град на културата за 2026 година“ во Кичево поддржана со средства од 4.000.000 денари. Согласно со програмата на Владата, посебен акцент е ставен и на фолкорната дејност со буџет од 40.492.000 за проекти во земјата и 15.880.000 денари за фолклорни манифестации.

Во сите дејности од областа на културата беа поддржани и проекти за афирмација на културата и инклузија во културниот систем на лицата со специфика. Поддржани се проекти со средства во висина од 964.000 за вкупно 12 прокети. Кон ова треба да се напоменат и проектите наменети за деца и малди во висина од 16.692.300 со вкупно 79 прокти. во националните установи и кај здруженијата на граѓани. Со проектите беше овозможено и активно учество на граѓанскиот сектор во културната програма на национално ниво, одбележани јубилеи на значајни личности од областа на културата и уметноста во рамките на програмите од национален интерес. Исто така во делот за визуелните уметности архитектура и дизајн како стимулативна мерка,

се спроведе и конкурс за откуп на ликовни дела при што поддржани се 37 дела со вкупен бруто износ од 6.672.750 денари.

Капитални инвестиции и инвестиционо и тековно одржување на инфраструктурата на НУ од областа на културата за 2026 година:

Во делот на инвестициско одржување и набавка на опрема за националните установи за 2026 година, Министерството за култура поддржа проекти на Национални установи во делот на набавка на набавка на опрема во вредност од 8.004.470,00 денари и проекти за тековно одржување на објектите во вредност од 7.497.782,00 денари, односно вкупно поддршани проекти во износ од 15.502.252,00 денари како дел од проектите содржани во годишните програми за работа на националните установи од областа на културата за 2026 година.

Министерството за култура донесе Програма за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2026 година бр. 50-844/2 од 3.02.2026 година, со која беа финансирани капитални инвестициони проекти за продолжување со изградба на нови проекти и за реконструкција на постоечки објекти на установи од областа на културата во вредност од 407.300.000,00 денари.

Со оваа програма се реализираа работи за проектите за Универзална сала, Турски Тетара во Скопје, Театар и библиотека во Тетово, Театарот во Струмица и Куманово, Кино Партизан при НУ Народен театар Битола, како и санации на НУ НУБ Климент Охридски во Скопје, санација на Македонски народен театар, реновирање на простории наменети за НУ Џез оркестарот во Скопје, проектна документација за реконструкција на театарот во Штип при НУ „Ацо Шопов“ – Штип, и изведба на работи на термотехнички инсталации во НУ ЦК „Марко Цепенков“ - Прилеп. Планираните финансиски средства за реализација на оваа програма, беа обезбедени од Буџетот на Министерството за култура раздел 18010 – Финансирање на дејности од областа на културата, потпрограми 40,41, 49, 50, 84 и 85 од ставките 482 – други градежни работи.

Во 2026 година Министерството за култура, за реализација на капитални дотации во областа на културата, со единиците на локална има склучено договори за реализација на средства во износ од 622.679.503,00 деанри од кои за 2026 година беа предвидени да се реализираат во износ од 261.880.000,00 деанри. Овие договори се склучени согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа во областа на културата за 2025 година бр. 50-6255/7 од 1.7.2025 година, донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Издавачка дејност и литература

Во 2025 година на Годишните конкурси и од проектите на националните установи од областа на литературата и издавачката дејност беа поддржани 510 проекти, од кои 32 проекти на национални установи и 478 проекти од други корисници. Во 2025 година целосно беа реализирани 31 проект на националните установи, односно 97% реализација и 462 проекти од други корисници, односно 97% реализација.

Заштита на културното наследство

Во 2026 година продолжува позитивниот тренд на системска, континуирана и развојно ориентирана поддршка на заштитата на културното наследство. Во рамките на програмите за заштита на недвижното културно наследство се одобрени 138 проекти, со што се обезбедува континуитет, проширување на активностите и зголемена инклузивност на различни чинители.

Во областа на музејската дејност и нематеријалното културно наследство се поддржани вкупно 280 проекти, што претставува значителен обем и јасен показател за стратешката определба за развој на овој сегмент.

Библиотечната дејност продолжува со стабилен развој, со 137 поддржани проекти, што придонесува за унапредување на услугите и заштитата на книжното богатство.

Во делот на аудиовизуелното наследство, преку Програмата 81 се обезбедува континуитет во заштитата, модернизацијата и достапноста на аудиовизуелните содржини.

Проектите од сите програми во областа на културното наследство се во напредна или завршна фаза на реализација.

Меѓународна културна соработка 2026

Заложбите на Министерството за култура и туризам и во 2026 година беа да се исполнат зацртаните приоритети во контекст на меѓународната културна соработка и презентација, кои ќе овозможат ефикасна и ефективна промоција на културното наследство и актуелното творештво во државата и ќе ја унапредат соработката со меѓународните организации. Во таа смисла, во рамките на Годишните конкурси за поддршка на проекти од национален интерес беше финансиски помогната реализацијата на бројни иницијативи и проекти меѓу кои се издвојуваат гостувањата на Драмскиот театар од Скопје во Љубљана, Загреб, Сараево, Белград и Подгорица во рамките на Регионалната унија на театри РУТА; претставувањето на Македонскиот народен театар со претставите „12“, „Варвари“ и „Мој термин“ во Дубровник и Марибор,

претставувањето на Република Северна Македонија на Меѓународниот саем на книгата во Лајпциг, Германија во организација на НУ Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ од Скопје; гостувањето на Балетот при Националната опера и балет со претставите „Набуко“, „Оревокршачка“, „Лебедово езеро”, „Заспаната убавица” во Грција, Холандија, Белгија и Германија, гостувањето на националната Филхармонија на РСМ во Бон и Оберхаузен, Германија, гостувањето на Оркестарот за џез музика во Белгија, Албанија, Бугарија, Португалија и Чешка, гостувањето на АНИП „Танец“ во Велика Британија и Малта и др. Од реализираните проекти на другите корисници, вниманието на јавноста во регионот и пошироко го привлекоа претставувањето на современата македонска книжевност за деца на Меѓународниот саем на книгата за деца во Болоња, Италија во организација на Здружението Македонска асоцијација на издавачи во Република Македонија од Скопје, настапите ширум Европа на Градскиот мешан хор „Вардар“, на Ансамблот „Алтус НЗ“, на Мандолинскиот оркестар, на камерниот оркестар на „Профундис“, „Македонисимо“, Женскиот младински хор при МКЦ, концертите на Ева Богоевска, дуо Кировски, камерниот ансамбл Консонанс, Владимир Василески – Четкар, хорот „Драган Шуплевски“, потоа претставувањата на Културно-уметничките друштва „Мирче Ацев“, „Ибе Паликуќи“, „Вапцаров“, „Орце Николов“, „Стефче Стојковски“, „Дримкол“, изложбите на Петра Ј. Ристовска, Јана Манева Чупоска, Владимир Темков, Гоце Божурски, Башким Мецити.

Посебен акцент во 2026 година беше ставен на поддршката на иницијативите кои се во насока на усогласување на културните политики во Република Северна Македонија со релевантните културни политики пред сè на ОН, УНЕСКО, ЕУ, како и на активна партиципација на нашата држава во политиката на ЕУ за отворање и збогатување на европскиот културен простор.

- Меѓународни документи, спогодби и програми за соработка

Министерството за култура и туризам континуирано ја остварува билатералната соработка со другите земји и врз основа на меѓународни документи, спогодби и програми, кои се правна рамка за институционално поврзување на државите. Во текот на 2026 година се вршеше усогласување на текстовите на билатералните документи со Египет, Хрватска, Австрија, а беа потпишани и Програмата за културна соработка со Србија, Меморандумот за културна соработка со Амбасадата на Француската Република во Скопје, како и Меморандумот за разбирање со организацијата ТУРКСОЈ.

- Учества на меѓународни настани, традиционални манифестации, комплексни претставувања

Република Северна Македонија континуирано партиципира на светски етаблираните културни настани од типот на Биеналето на ликовната уметност и на архитектурата во Венеција. Во таа смисла, Република Северна Македонија на оваа престижна манифестација во 2026

година беше претставена преку проектот „Пиета во прекривките на ургентноста“ на авторот Велимир Жерновски во организација на Музејот на современата уметност.

Во контекст на континуираното присуство на Република Северна Македонија во светските метрополи, треба да се спомене и одржувањето на традиционалната манифестација во чест на Св. Кирил во Рим, која се реализира веќе пет децении. Во 2026 година во рамките на манифестацијата беше реализиран концерт на камерниот ансамбл „Консонанс“.

- Денови на македонската култура во Белгија

Во 2026 година беше реализирана манифестацијата „Денови на македонската култура во Белгија“ во чии рамки беше организирана проекција на филмот „Исцелител“ од Ѓорче Ставрески во организација на Агенцијата за филм, концерт на Оркестарот за џез музика во престижната сала „Бозар“ во Брисел и настап на Балетот при Националната опера и балет со „Лебедово езеро“ во Антверпен.

- Саеми на книгата

Република Северна Македонија со исклучително внимание настојува да ги претстави своите книжевни, преведувачки и издавачки достигнувања на светските книжевни настани. Во 2026 година во рамките на Конкурсот за меѓународна дејност беше поддржано учеството на Саемите на книгата во Лајпциг, Франкфурт и во Болоња.

- Културно-информативни центри во странство

Програмата на Културно-информативните центри во странство во 2026 година со мали исклучоци, ќе биде комплетно реализирана. Пред странската јавност во Њујорк, Софија, Тирана, Истанбул, Загреб и во Белград досега се претставија музичките уметници Сашо Поповски, Андријана Јаневска, Македонски брас квинтет, Даница Стојанова, дуото Скупи, групата Баклава, хорот Менада, ликовните автори Антони Мазневски, Илина Арсова, Исмет Рамиќевиќ, и др.

Повеќе години Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија на годишно ниво поддржува и двомесечен престој на македонски уметници во македонското ателје при Меѓународниот град на уметностите во Париз. Овој престој е убава можност за уметниците од нашата земја да соработуваат со своите колеги од светот и да реализираат изложби во овој реномиран културен простор. Во 2026 година беше реализиран престој на неколку уметници во Париз меѓу кои Симонида Филипова Китановска, Доротеј Нешовски, Игор Таневски и Ана Спасова.

МУЛТИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

Што се однесува до мултилатералната соработка, Министерството за култура и туризам, во чии рамки дејствува Националната комисија за УНЕСКО, во 2026 година беше вклучено во проекти и иницијативи на Организацијата.

Во оваа насока треба да се истакне дека особено внимание беше посветено на активностите во насока на заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион, како еден од врвните приоритети на Владата. Во координација со сите надлежни владини институции, тела и локалната самоуправа, како и институциите од Република Албанија, беше подготвен заеднички Извештај за состојбата со заштитата на Природното и културното наследство на Охридскиот Регион, кој беше доставен до Центарот за светско наследство на УНЕСКО.

Со Одлука на Владата на РСМ беше формиран Централизиран кризен координативен штаб за имплементација на „Стратегискиот план за рехабилитација на Природното и културното наследство на Охридскиот регион (2023-2030)“, кој започна со работа во јануари 2026 година, со цел обезбедување координирано, системско и мерливо спроведување на реформите и приоритетите за заштита на исклучителната универзална вредност на Охридскиот Регион.

Особено треба да се истакне дека во периодот од 9 до 11.02.2026 година во Париз, Франција висока владина делегација од нашата држава оствари средби со највисокото раководство на УНЕСКО со фокус на состојбата со заштитата на светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион. Како резултат на овие средби, во месец јуни беше организирана посета на Охридскиот Регион од страна на претставниците на државите членки на Комитетот за светско наследство, односно амбасадорите – постојани делегати при УНЕСКО во Париз. Преку непосреден увид на терен, амбасадорите и другите претставници директно се запознаа со состојбите во регионот, тековните активности за имплементација на препораките и заложбите на државните органи и локалните власти за долгорочна заштита на светското природно и културно наследство. Ваквата иницијатива придонесе за подобро разбирање на реалната состојба и за афирмирање на напорите што се преземаа во пресрет на 48. сесија

на Комитетот за светско наследство која од 19-29 јули 2026 година ќе се одржи во Бусан, Република Кореја на која нашата држава и Република Албанија добија продолжување на рокот за имплементација на препораките од 5 години.

Во однос на активностите поврзани со Конвенцијата за заштита на нематеријалното културно наследство, важно е да се истакне дека до УНЕСКО беше поднесено досието „Василичари од Вевчани“ за можно впишување во 2027 година на Репрезентативната листа на УНЕСКО на нематеријално културно наследство на човештвото. Исто така работните групи формирани за подготовка на номинациони досиеа за впишување на нови нематеријални добра на листите на УНЕСКО за заштита на нематеријалното културно наследство во изминатиот период интензивно работеа на новите досиеа. Претставник од нашата држава учествуваше и на 11. сесија на Генералното собрание на оваа Конвенција, кое се одржа во Париз, Франција. Важно е да се истакне дека на 21. сесија на Меѓувладиниот комитет за заштита на нематеријалното културно наследство, која ќе се одржи во НР Кина треба да се донесе одлуката за впишување на досието „Етноастрономија/Стара небесна карта на македонскиот народ“ на Листата на УНЕСКО на нематеријално културно наследство за ургентна заштита.

Во рамките на имплементацијата на Конвенцијата на УНЕСКО од 2005 година за заштита и унапредување на разновидноста на културните изразувања треба да се истакне учеството на делегацијата од Министерството за култура и туризам на 19. сесија на Меѓувладиниот комитет за заштита и унапредување на разновидноста на културните изразувања, кое се одржа во Париз, Франција.

Во периодот претставници од нашата држава учествуваа на неколку состаноци во рамките на заедничкиот проект за повторно воспоставување на заедничка постојана поставка во блокот 17 на Државниот музеј Аушвиц-Биркенау во Полска, координиран од Регионалното биро на УНЕСКО за наука и култура во Европа со седиште во Венеција, Италија, а во кој се вклучени шестте држави-сукцесори - Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Србија, Словенија и Северна Македонија. Целта на состаноците беше утврдување на конечниот концепт за заедничката поставка на државите учесници.

Во рамките на членувањето во Меѓународната фондација „Форум на словенските култури“, во 2026 година, како една од земјите основачи, обезбедивме средства за котизација но, се вклучивме и во иницијативите и активностите на оваа еминентна организација.

Како и секоја година, за членувањето во меѓународните организации во кои партиципираме како држава преку своите институции, здруженија и експерти од областа на културата и кои се со консултативен статус при УНЕСКО и други меѓународни организации, и во 2026 година Министерството за култура и туризам обезбеди финансиска поддршка за покривање на трошоците за годишните котизации/членство и за реализација на одредени активности во рамките на соодветните меѓународни организации (ИКОМ, ИКОМОС, АИКА, ИССН, ИФЛА, АЦЕ, ФИАФ, ЦИОФФ).

Зајакнување на процесот на европска интеграција во културата

Во текот на 2026 година, Секторот за европски интеграции продолжи со реализација на тековните задачи поврзани со европските програми, истовремено преземајќи активности насочени кон унапредување и забрзување на евроинтегративниот процес преку зајакнување на соработката меѓу земјите од Западен Балкан и Европската Унија.

Усогласувањето и усвојувањето на правото на ЕУ продолжија и во 2026 година. На квартално ниво се реализирани активности во насока на планирање, подготовка, следење и известување за имплементацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европска Унија (НПАА) за Поглавје 26 и ажурирање на матрицата, за што до Министерството за образование беа доставувани квартални извештаи за реализирани активности (тековна состојба, краткорочни и среднорочни приоритети) кои се однесуваа на законодавството, програмата „Креативна Европа“, УНЕСКО, Меѓународната конвенција на УНЕСКО за заштита и унапредување на различноста на културните изрази и Охридскиот Регион, Креативните индустрии и активности поврзани со спроведување на проектот „Скопје 2028 -Европска престолнина на културата“.

Дополнително, на барање од Секретаријатот за европски прашања, Министерството за култура и туризам во втората половина на 2026-та година достави ажуриран придонес кон извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија, кој се однесуваше на следниве области од културата:

1. Имплементација на стратегијата на Министерството за култура

2. Меѓународна конвенција на УНЕСКО за заштита и унапредување на различноста на културните изрази

3. Креативна Европа (КУЛТУРА И МЕДИА).

Исто така, во текот на првиот квартал од 2026 година до Секретаријатот за европски прашања беше доставен писмен материјал за подготовка на Министерството за култура и туризам за учество на 21-от состанок на Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика, што се одржа на 28.04.2026 година, во Скопје. Материјалот за Поткомитетот опфаќаше информации за:

1. Креативна Европа и МЕДИА
2. Законодавство
3. Заштита на културно наследство, старите чаршии.

Во рамки на годишниот Конкурс на Министерството за култура и туризам за финансирање на програми и проекти од национален интерес во културата за 2026 година, на национални установи, одобрени се финансиски средства за поддржување на вкупно 11 проекти од областа на Европските интеграции на 7 национални установи, во вкупен износ од 1.175,550 денари.

Претставници од Секторот за Европски интеграции како членови на Комисиите за следење на ИПА Програмите за прекугранична соработка 2021-2027,на Република Северна Македонија со соседните земји (Р. Грција, Р. Бугарија, Р. Албанија, Р. Косово и Р. Србија)., активно учествуваа на состаноците одржани во текот на 2026 година.

Исто така, претставници од Секторот за Европски интеграции во својство на член/заменик член активно учествуваа на состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД ПРОГРАМАТА 2021-2027.

Активностите на Одделението за Креативна Европа се реализираат согласно приоритетите и правилата на Програмата „Креативна Европа“ 2021–2027, како и согласно улогата на националните канцеларии на Креативна Европа во информирање, советување, градење капацитети, вмрежување и промоција на можностите што ги нуди програмата.

Во текот на извештајниот период, активностите беа насочени кон зголемување на информираноста и учеството на организациите и професионалците од културниот, креативниот, филмскиот и аудиовизуелниот сектор во европските програми за поддршка.

Активностите се спроведуваа согласно Работната програма на Канцеларијата, одобрена од Извршната агенција за образование и култура (EACEA), која е составен дел од грант-договорот за периодот 2025–2027 година.

Организација и учество на јавни настани

Заклучно со јули 2026 година, Канцеларијата за Креативна Европа организираше и учествуваше на вкупно 16 јавни настани, наменети за информирање, поврзување и јакнење на капацитетите на корисниците и потенцијалните апликанти во рамките на Програмата „Креативна Европа“.

Во рамките на овие активности беа реализирани:

• Работилница за European Co-development

Работилница наменета за продуценти и режисери кои планираат да аплицираат на актуелниот повик „European Co-development“ во рамките на Потпрограмата МЕДИА.

• Вебинар и настан за поврзување со партнери „Културата ја движи Европа“

Настан наменет за индивидуални уметници и организации од културниот и креативниот сектор заинтересирани за можностите за аплицирање на повиците за индивидуална мобилност и резиденции во рамките на иницијативата „Културата ја движи Европа“. Настанот беше организиран во соработка со Канцелариите на Креативна Европа од Бугарија, Србија, Грција, Ерменија, Хрватска, Романија и Црна Гора.

• Учество на состанок на Канцелариите на Креативн Европа (МЕДИА) во рамки на Берлинскиот филмски фестивал (Берлинале)

• Работилница „Соработувај, креирај, додај вредност“

Работилница за Програмата „Креативна Европа“ (Култура и МЕДИА), наменета за организации и професионалци заинтересирани за повиците за 2026 година, со цел обезбедување практични насоки за подготовка на успешни апликации и воспоставување партнерства.

Работилницата беше организирана во соработка со Канцеларијата за Креативна Европа на Република Унгарија и корисниците на програмата: Пасворд продукција – Скопје, Интерарт културен центар – Скопје, УМПАКИ – Скопје, ИФФК „Браќа Манаки“ и ОХО-продукција, како и во соработка со Координативното тело на ЕПК Скопје 2028.

• Регионален форум „Креативна Европа“ во Подгорица, Црна Гора

Учество на регионален форум наменет за земјите од Западен Балкан, организиран од Министерството за култура и медиуми и Филмскиот центар на Црна Гора, во соработка со Извршната агенција за образование и култура и канцелариите на Креативна Европа од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија и Србија.

• Учество на панел-сесијата „Финансирање, уметничка мобилност и европска соработка“

Учество во рамките на програмата Stretch (Танц Фест 2026), во организација на Интерарт од Скопје. Панел-сесијата беше посветена на можностите за финансирање, мобилност и развој на европски партнерства во културниот сектор.

• Учество на „Форумот за праведност во културната мобилност“

Учество на форумот одржан во Скопје, организиран од меѓународната мрежа „Во движење“ (On the Move) во партнерство со регионалната мрежа Кооператива. Форумот беше насочен кон актуелни прашања поврзани со мобилноста на културните работници и рамноправниот пристап до можностите за меѓународна соработка.

• Организација на „Сесија за музичката сцена“

Во рамките на Форумот за праведност во културната мобилност беше организирана посебна сесија наменета за организации и професионалци од музичкиот сектор, заинтересирани за можностите што ги нуди Програмата „Креативна Европа“ и за развој на нивното присуство на европскиот пазар. Настанот беше организиран во соработка со Пасворд продукција и Лабораториум од Скопје.

• Работна средба со корисници на Програмата „Креативна Европа“

Организирана беше работна средба меѓу корисниците на програмата (акција „Европски проекти за соработка“) и претставници на Европската комисија и Извршната агенција за образование и култура (EACEA), со цел размена на искуства, идентификување на предизвиците и унапредување на спроведувањето на европските проекти.

• Учество на форумот „Култура за развој“

Учество на форумот организиран од Хартефакт, посветен на улогата на културата во општествениот развој и регионалната соработка.

• Учество на панел-сесијата „Намалување на просторот за културата и заедничките/регионалните културни пејзажи“

Учество во рамките на состанокот „Satellite BEYOND“ во Скопје, со фокус на предизвиците со кои се соочува културниот сектор и потребата од зајакнување на регионалната соработка.

• Учество на панел-сесијата „Мувинг Балканс: Современиот танц како заеднички културен простор“

Учество во рамките на второто издание на Contemporary Dance Showcase на платформата Moving Balkans, одржано во Нови Сад, Србија. Панелот беше посветен на развојот на современиот танц и регионалното поврзување преку културата.

• Учество на „Саем на ЕУ можности – студии, мобилност и размена во Европа“

Учество на саемот одржан во Штип по повод одбележувањето на Денот на Европа, со цел промоција на можностите за европска мобилност и соработка.

• Информативна средба со директорите на културните јавни установи од Скопје

Учество на информативна средба наменета за претставување на можностите што ги нуди Програмата „Креативна Европа“ и поттикнување на учеството на националните културни установи во европските повици.

• Учество на работилницата „Вештачката интелигенција во филмот и креативните индустрии“

• Учество на работилницата реализирана во рамките на филмскиот фестивал „Преку езерото“ во Дојран, посветена на примената на новите технологии и можностите што ги нуди вештачката интелигенција во филмскиот сектор и креативните индустрии.

• Учество на работилницата „Стратегии за планирање филмски фестивал и презентирање пред продажни агенти“

Учество на работилницата реализирана во рамките на филмскиот фестивал Beach Film Festival во Охрид, наменета за професионалци од филмскиот сектор и насочена кон развој на стратегии за успешно планирање филмски фестивали, како и подобро позиционирање и презентација пред меѓународни продажни агенти.

Информативни, промотивни и советодавни активности

Покрај организацијата и учеството на јавни настани, Одделението за Креативна Европа реализираше и низа информативни, промотивни и советодавни активности со цел подобрување на информираноста за програмата, зголемување на бројот на потенцијални апликанти и обезбедување поддршка за организациите и професионалците од културниот, креативниот, филмскиот и аудиовизуелниот сектор.

Во текот на извештајниот период беа реализирани следните активности:

• Медиумска промоција на програмата

Реализирана е редовна медиумска промоција на можностите што ги нуди Програмата „Креативна Европа“ преку порталите на електронските медиуми, со цел поголема достапност на информациите до потенцијалните корисници.

• Ажурирање на веб-страницата и комуникациските канали на Канцеларијата

Редовно беа ажурирани веб-страницата и профилот на Канцеларијата на социјалните мрежи, како и веб-страницата и профилите на Министерството за култура и туризам. Во текот на периодот беа објавени повеќе од 40 информации и содржини поврзани со програмата, повиците за аплицирање, настаните и можностите за учество.

• Надградба на веб-страницата на Канцеларијата

Извршена е надградба на веб-страницата на Канцеларијата со воведување можност за онлајн закажување консултации со тимот на Канцеларијата, со цел олеснување на комуникацијата со заинтересираните корисници.

• Отворање нов комуникациски канал преку Instagram

Подготвен и објавен е нов официјален Instagram профил на Канцеларијата, со цел дополнително унапредување на комуникацијата со корисниците, особено со младите професионалци и креативната заедница.

• Изработка и доставување извештај до Европската комисија

Подготвен и доставен е годишниот извештај за работата на Канцеларијата за 2025 година преку порталот за финансирање и можности на Европската комисија – SYGMA.

• Промоција на поддржани проекти и европски мрежи

Реализирана е промоција на проекти поддржани во рамките на Програмата „Креативна Европа“ – Потпрограма Култура, како и промоција на европските мрежи и можности во рамките на Потпрограмите Култура и МЕДИА.

• Индивидуални консултации со потенцијални апликанти

Реализирани се повеќе од 50 индивидуални консултации со заинтересирани организации и професионалци, со цел обезбедување информации, насоки и поддршка при подготовка на проектни апликации.

• Дисеминација на информации и промотивни материјали

Континуирано се спроведуваше дисеминација на информации, повици, промотивни материјали и други содржини поврзани со Програмата „Креативна Европа“ и работата на Канцеларијата.

Планирани активности

До крајот на летото се планира реализација на уште три јавни настани, кои се во фаза на подготовка.

Дополнително, до крајот на годината Одделението за Креативна Европа е во процес на преговори и подготовка за реализација на уште неколку информативни и промотивни активности, со цел понатамошно зголемување на информираноста и учеството на корисниците од културниот, креативниот, филмскиот и аудиовизуелниот сектор во Програмата „Креативна Европа“.

За сите идни активности јавноста ќе биде навремено информирана преку комуникациските канали на Канцеларијата.

Повеќе информации за Одделението/Канцеларијата за Креативна Европа МК, нејзините активности и за самата Програма „Креативна Европа“ се достапни на официјалната веб-страница на Канцеларијата.

https://ced.mk/za-nas

Во рамки на објавениот Конкурс за учество во финансиарње проектни активности на правни лица од Република Северна Македонија кои се поддржани од потпрограмата Култура на Креативна Европа 2021-2027 на Европската Унија за 2026 година, се поддржани вкупно 14 проекти, во вкупен износ од **5.781.394** денари.

Соработката со Советот на Европа продолжи активно и во текот на 2026 година. Во ова насока, претставници од Секторот за европски интеграции редовно учествуваа непосредно или онлајн на состаноците на Управувачкиот комитет за култура, наследство и предел (CDCPP) на

Советот на Европа. На годишните советодавни форуми на Управниот Одбор на ЕПА на културните рути и други настани поврзани со програмата на Културните Рути на Советот на Европа покрај претставници на Секторот за европски интеграции учествуваа и претставници на јавно-научни установи меѓу кои Институтот за македонска литература при УКИМ - Скопје и Институтот за старословенска култура од Прилеп, како дел од мрежата на културните рути и членки на Европската културна рута на Св. Кирил и Методиј. Во рамки на овие активности се разгледуваа и можностите за конкретна соработка во сферата на културата со цел развој на културниот туризам и општиот економски развој на државата.

Во рамки на Програмата за соработка со културните рути на Советот на Европа, во текот на јануари 2026 година, Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, потпиша Генерален рамковен договор за соработка со Европскиот институт за културни рути (EICR), со што практично стана член на Мрежата на универзитети за студии на Културните рути. Преку Институтот за македонска литература како член на европската културна рута на Св.Кирил и Методиј при Советот на Европа, Универзитетот активно се ангажира во проучувањето на културните рути и сродни области како што се: византиски културни студии, европски културен контекст, културен туризам, културно наследство и др.

Од 5-7 мај, 22026 година, во Луксембург се одржа онлајн состанок на Управниот Одбор на ЕПА за културните на Советот на Европа.

Министерството за култура и туризам преку Секторот за европски интеграции редовно и навремено ги подмирува годишните обврски за уплата на влезниот билет за Програмата за културните рути на Советот на Европа, во вкупен износ од 598,000.00 денари.

Во однос на соработката со Британскиот совет, Министерството за култура и туризам на 24.10. 2024 година има потпишано Меморандумот за разбирање со Британскиот совет, кој го реафирмира 30-годишното партнерство и пријателство, а со тоа и можноста за поголема достапност на програмите на Британскиот совет во нашата земја и засилени кампањи за нивна афирмација.

Во насока на унапредување на понатамошната соработка во областа на креативната економија и креативните индустрии, а врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу Министерството за култура и туризам и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје, се продолжува со реализација на втората фаза од проектот „Мапирање на креативните индустрии во Република Северна Македонија“, за чија имплементација е задолжен Институтот.

За реализацијата на втората фаза на предметниот проект, министерството има одобрено буџет во вкупен износ од: 900,000.00 деанри.

Во однос на Европскиот филмски фонд – Еуримаж, врз основа на Договорот за извршување на активностите на Националниот претставник во Еуримаж, склучен помеѓу Министерството за култура и туризам, Агенцијата за филм и Националниот претставник, Националниот претставник до Министерството за култура и туризам секој месец доставува извештај за реализираните активности и извршената работа, согласно обврските утврдени со Договорот.

Родово одговорно буџетирање

Родовото одговорно буџетирање во рамките на Програма 60 – Визуелни уметности, архитектура и дизајн претставува инструмент за интегрирање на принципот на родова еднаквост во планирањето, распределбата и следењето на јавните средства. Неговата примена е во согласност со стратешките определби на Република Северна Македонија и со Стратегијата за родова еднаквост 2022–2027, особено во насока на обезбедување еднакви можности за учество на жените и мажите во културниот живот.

Во 2025 година, преку Годишниот конкурс во рамките на Програма 60 биле поддржани 153 корисници, со вкупно 16.781.800 денари. Од нив, 60 биле жени, со финансиска поддршка од 6.532.900 денари, додека 93 биле мажи, со 10.248.900 денари. Жените претставувале 39,2% од корисниците и 38,9% од распределените средства, наспроти 60,8% од корисниците и 61,1% од средствата кај мажите. Во 2026 година биле поддржани 143 корисници, со вкупно 14.862.280 денари. Од нив, 72 биле жени, со 7.160.880 денари, а 71 биле мажи, со 7.701.400 денари. Во структурата на корисниците, жените учествувале со 50,3%, а мажите со 49,7%, додека во распределбата на средствата учеството изнесувало 48,2% за жените и 51,8% за мажите.

Компаративната анализа укажува на значително подобрување на родовата рамнотежа во 2026 година. Иако вкупниот број корисници се намалил за 10, бројот на жените кориснички се зголемил за 12, од 60 на 72, додека бројот на мажите се намалил за 22, од 93 на 71. Истовремено, разликата во уделот на финансиските средства значително се намалила – од 22,2 процентни поени во 2025 година на 3,6 процентни поени во 2026 година.

Иако податоците за 2026 година укажуваат на речиси изедначена застапеност на жените и мажите, фактот што мажите се уште имаат нешто повисок удел во вкупно распределените средства претставува показател кој треба континуирано да се следи. Оттука, родовото расчленување на податоците претставува значајна основа за процена на ефектите од јавната финансиска поддршка и за идентификување на евентуални структурни разлики во пристапот до ресурсите.

Континуираното следење на родово расчленетите податоци во Програма 60 овозможува пообјективна процена на степенот на еднаквост во пристапот до јавните средства и создава основа за унапредување на буџетското планирање, транспарентноста и отчетноста. Во таа смисла,

податоците за 2025 и 2026 година претставуваат релевантна основа за следење на идните трендови и за натамошно унапредување на родово одговорното буџетирање во областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот.

Програма за промоција и поддршка на туризмот

Во периодот јануари–јули 2026 година, во споредба со истиот период во 2025 година, туристичкиот сектор бележи умерен раст на бројот на туристи, особено кај странските туристи, додека кај ноќевањата се забележуваат различни движења кај домашните и странските гости. Кај домашните туристи, бројот на доаѓања е зголемен за 1,8%, од 213.752 во 2025 година на 217.695 во 2026 година. Сепак, и покрај зголемениот број на домашни туристи, нивните остварени ноќевања се намалени за 1,0%, од 830.916 на 822.222. Ова укажува дека домашните туристи во просек остваруваат пократок престој во туристичките дестинации. Кај странските туристи се забележува позитивно движење и кај доаѓањата и кај ноќевањата. Бројот на странски туристи е зголемен за 1,4%, од 517.041 на 524.051, додека бројот на нивните ноќевања е зголемен за 2,0%,

од 920.063 на 938.713. Тоа покажува дека, покрај растот на бројот на странски гости, е остварен и умерен раст на должината на нивниот престој.

Генерално, податоците за првите седум месеци од 2026 година покажуваат стабилен раст на туристичката активност, при што странските туристи имаат нешто подобар резултат во однос на ноќевањата. Вкупните доаѓања се зголемени од 730.793 на 741.746 туристи, односно за околу 1,5%, а вкупните ноќевања се зголемени од 1.750.979 на 1.760.935, односно за околу 0,6%. Ова укажува на постепено зголемување на туристичкиот промет, но и на потреба од мерки насочени кон продолжување на престојот, особено кај домашните туристи.

Податоците покажуваат значителна разлика во должината на престојот меѓу странските и домашните туристи во првите седум месеци од 2026 година.

Кај странските туристи, забележан е просечен престој од 1,79 ноќевања по турист. Ова покажува дека странските гости во просек се задржуваат помалку од два дена, што укажува на релативно кратки престои и ја нагласува потребата од туристички понуди и производи кои ќе ги поттикнат странските посетители да го продолжат престојот. Кај домашните туристи, регистрирани се 217.695 доаѓања и 822.222 ноќевања, со просечен престој од 3,78 ноќевања по турист. Значи, иако бројот на домашни туристи е значително помал од бројот на странски туристи, тие во просек остануваат повеќе од двојно подолго.

Од аспект на туристичката политика, ова е особено значаен показател: странските туристи претставуваат поголем потенцијал за зголемување на бројот на посетители, но клучен предизвик е нивното подолго задржување во земјата. Затоа, потребно е понатамошно развивање на повеќедневни туристички производи, тематски рути, културен, гастрономски, вински, активен и рурален туризам, како и поврзување на повеќе дестинации, со цел туристите наместо кратка посета на една дестинација да бидат мотивирани да останат подолго и да посетат повеќе региони. Најголем број на странски посетители имаме од Турција, Германија, Србија, Грција и Бугарија, тој тренд продолжува и во тековнава година.

Странските туристи во Северна Македонија и понатаму се концентрирани во неколку клучни туристички центри, пред се Скопје и Охрид, кои претставуваат главни носители на меѓународниот туристички промет. Охрид и Охридско-струшкиот простор се особено значајни за езерскиот, културниот и летниот туризам, додека Скопје има значајна улога во градскиот, деловниот и конгресниот туризам. Истовремено, останатите региони, Пелагонискиот, Вардарскиот, Источниот, Југоисточниот и Полошкиот, располагаат со значителен, но се уште недоволно искористен потенцијал за развој на вински, гастрономски, рурален, планински, авантуристички, културен и бањски туризам. Оттука, еден од клучните приоритети треба да биде диверзификација на туристичкиот промет и насочување на странските туристи од доминантните центри Скопје и Охрид кон останатите дестинации, со цел продолжување на просечниот престој и постигнување порамномерна регионална распределба на туристичкиот промет.

Во 2026 година Република Северна Македонија се позиционира како растечка туристичка дестинација на Балканот, благодарение на засилената промоција на странските пазари и учеството на меѓународни туристички саеми во Мадрид, Берлин, Истанбул, Белград, Сингапур, Лондон и бизнис роуд шоу во Скандинавските земји).

Меѓународната соработка претставува важен инструмент за унапредување на туристичкиот сектор, особено преку размена на знаења, техничка поддршка, регионално поврзување и мобилизирање на меѓународни финансиски и експертски ресурси.

· Во соработка со JICA, Северна Македонија активно работи на развој на одржлив туризам и зелени дестинации, со посебен фокус на воспоставување и унапредување на моделот на дестинациско управување (DMO). Во рамките на оваа соработка во Скопје ќе се одржи регионална

конференција посветена на земјите од Западен Балкан, која ќе овозможи размена на искуства и добри практики и поттикнување на регионална соработка во областа на одржливиот туризам.

· Преку Регионалниот совет за соработка (RCC), Северна Македонија интензивно учествува во регионални иницијативи насочени кон посилно туристичко поврзување на земјите од Западен Балкан. Особено значајни се активностите за воспоставување заеднички регионален фонд за промоција, како и развој на заеднички и повеќеземјени туристички производи и туристички рути, со цел регионот да се позиционира како единствена и поконкурентна туристичка дестинација на меѓународниот пазар.

· Светската банка обезбедува стручна и аналитичка поддршка во процесот на подготовка на Националната стратегија за туризам 2027–2032.

Очекувани резултати од програмата

- Број на реализирани промотивни активности (Бизнис роуд шоуа, саеми, бизнис средби, промоции)
- Зголемување на бројот на туристи и ноќевања во споредба со 2026 година
- Број на поддржани локални туристички субјекти преку програмски мерки
- Број на подобрени инфраструктурни објекти
- Зајакнета меѓународна соработка

Надворешни показатели

- најмалку 20 реализирани промотивни активности (настани, саеми, кампањи, медиумски промоции)
- раст од најмалку 10%.на бројот на туристи и ноќевања во споредба со 2025 година
- минимум 50 корисници поддржани локални туристички субјекти преку програмски мерки
- најмалку 10 проекти за подобрување на инфраструктурни објекти
- Реализирани меѓународни средби и настани. Меѓународната соработка се поврзува директно со стратешките цели на земјата, одржлив развој, подобро управување со дестинациите, регионално поврзување, зголемување на конкурентноста и создавање поголема економска и локална вредност од туризмот.

1.11. ПРЕГЛЕД НА ПРОГРАМИТЕ И ПОТПРОГРАМИТЕ

Стратешкиот план на Министерството за култура и туризам **2027– 2029** е составен од **7 стратешки програми**:

1. **Уметничко творештво и дејности од областа на културата;**
2. **Поттикнување на творештвото преку создавање современи инфраструктурни и технолошки услови за остварување на културата;**
3. **Заштита на културното наследство;**
4. **Меѓународна културна соработка;**
5. **Интегрирање во Европската Унија во областа на културата и туризмот;**
6. **Родово одговорно буџетирање;**
7. **Програма за промоција и поддршка на туризмот.**

1 . Стратешката програма „**Уметничко творештво и дејности од областа на културата**“ содржи 2 потпрограми:

1.1. Поттикнување на уметничкото творештво и потенцијал за негова одржливост со цел привлекување публика и вклучување во културните активности.
1.2. Стимулативни мерки

2. Стратешката програма **„Поттикнување на творештвото преку создавање современи инфраструктурни и технолошки услови за остварување на културата**“ содржи 2 потпрограми:
   2.1. Создавање современи инфраструктурни услови за остварување на културата.
   2.2. Создавање современи технолошки услови за остварување на културата.

3. Стратешката програма **„Заштита на културното наследство“** содржи 5 потпрограми:
   3.1. Заштита на недвижно наследство.
   3.2. Музејска дејност и заштита на движно наследство.

3.3. Библиотечна дејност и заштита на библиотечно наследство.
3.4. Заштита на аудиовизуелни добра.
3.5. Заштита на нематеријално наследство.

4. Стратешката програма **„Меѓународна културна соработка**“ содржи 2 потпрограми:
   4.1. Меѓународна соработка на билатерално и мултилатерално ниво и соработка со УНЕСКО и со другите меѓународни организации.
   4.2. Мапирање на состојбата, стимулирање и креирање нови форми за меѓународна културна соработка.

5. Стратешката програма **„Интегрирање во Европската Унија во областа на културата и туризмот**“ содржи 2 потпрограми:
   5.1. Подготвување и уредување на културните политики на РСМ во согласност со европските искуства, критериуми и стандарди.
   5.2. Унапредување на заштитата на авторското право и сродните права и усогласување со директивите на ЕУ од оваа област.

6. Стратешката програма **„Родово одговорно буџетирање“** содржи 2 потпрограми:
   6.1. Поттикнување и подобрување на учеството на жената во културниот живот во РСМ.
   6.2. Зголемување на бројот на интердисциплинарни уметнички проекти кои ги обработуваат темите со родова проблематика од аспект на подобрување на еднаквите можности на жената и мажот во општеството и подобрување на статусот на жената во општеството.

7. Стратешка програма **„Промоција и поддршка на туризмот“** не содржи потпрограми и истата предвидува активности за промоција на туризмот и реализација на проети за развој и создавање на туристички продукти, со што ќе се подобри севкупната туристичка и еконмска слика на Република Северна Македонија.

2.1 ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМА 1: „УМЕТНИЧКО ТВОРЕШТВО И ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА“

А: Оправданост и дизајн на Програмата	
Образложение: Програмата „Уметничко творештво и дејности од областа на културата“ произлегува од: Стратешкиот приоритет од член 1 став 1 алинеја 8 од Одлуката за утврдување стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2026 година:**.** Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности. За остварување на стратешкиот приоритет од член 1 став 1 алинеја 8 од оваа одлука, утврдена е следната цел: – Спроведување на политики во културата базирана на клучните вредности слобода на творештвото, еднаквост и универзално добро.	
1. Не произлегува од НПАА и **нема поврзаност со пристапни партнерства, како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје**	
Цели на Програмата: – Спроведување културна политика во која клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се достапноста, учеството и еднаквите услови и права на сите.	
Показатели за успех на Програмата: Поддржани проекти во културата и достапност на културните вредности за граѓаните и создавање општествен амбиент за поттикнување на креативноста преку реализација на содржини од сите дејности од областа на културата достапни за сите граѓани во РС Македонија**,** односно поттикнување на креативноста на локално ниво со цел достапност на културните вредности за граѓаните и нивно масовно користење во општините, збогатување на поддршката на одредени целни групи и на домашното творештво, при што клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се достапноста, учеството, еднаквите услови и права за сите. Стимулирање на домашното уметничко творештво, преку откуп на уметнички дела од домашни автори.	
Програмата е: (забележете го видот на Програмата)	**x** Хоризонтална ☐ Вертикална
Потпрограми (компоненти) од Програмата:	
Потпрограма 1: Поттикнување на уметничкото творештво и достапност на културните вредности до граѓаните	**Показател за успешност:** Достапност на културните вредности за граѓаните и создавање општествен амбиент за поттикнување на креативноста, реализација на содржини од сите дејности од областа на културата достапни за сите граѓани, овозможување еднакви права за сите, како и создавање услови за негување на слободата и разновидноста на творештвото и културниот идентитет. Преку главните носители на културниот живот – институциите и организациите од областа на културата, уметниците и сите луѓе со креативна визија – Министерството за култура поддржува проекти заради создавање услови за достапност на културните содржини од сите дејности од областа на културата за сите категории граѓани во земјава, како и заради давање можност за искажување на нивната креативност и слободно творештво.
Поттпрограма 2: Стимулативни мерки	**Показател на успешност:** Стимулирањето на домашното уметничко творештво, преку спроведување на конкурси за откуп на дела од домашни автори и уметници во дејностите од областа на културата.

Потпрограма 3: Издавачка дејност	**Показател за успешност:** Со цел унапредување на издавачката дејност, се поддржува литературното творештво воопшто, а особено на младите автори, се поддржува преводот со посебен акцент на квалитетот на преводот, како и интеркултурната димензија во литературното творештво во земјава со соодветно финансиско вреднување на трудот на литературните преведувачи што преведуваат од оригиналниот јазик.

Б: ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Потпрограма 1: Поттикнување на уметничкото творештво и достапност на културните вредности до граѓаните

План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси					
			Почеток (месец/година)	Крај (месец/година)	Човечки			Финансиски (МКД)		
Реализација и поддршка на проекти на целата територија на државата, со цел создавање услови за достапност на културните содржини од сите дејности од областа на културата за сите граѓани во РСМ	Министерство за култура и корисниците на средствата по програми	Стручна комисија ангажирана во Министерството за култура	јануари 2026	декември 2028	I год. вработени во Секторот за дејности од областа на културата и уметноста и Секторот за	II год. вработени во Сектор от за дејности од областа на културата и уметноста и Сектор от за	III год вработени во Секторот за дејности од областа на културата и уметноста и Секторот за	I год. обезбедени во рамките на Буџетот на МК раздел 464/ програми (40, 41, 47, 60, 70 и 72)	II год. обезбедени во рамките на Буџетот на МК раздел 464/ програми (40, 41, 47, 60, 70 и 72)	III год обезбедени во рамките на Буџетот на МК раздел 464/ програми (40,

					издавачка дејност, носителите на проектите	издавачка дејност, носителите на проетите	издавачка дејност, носителите на проектите	Нема дополнителни фискални имплликации	Нема дополнителни фискални имплликации	41, 47, 60, 70 и 72) Нема дополнителни фискални имплликации
Вкупно активности во I година:										
Вкупно активности во II година:										
Вкупно активности во III година:										
Вкупно за потпрограма 1:										

Б: ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Потпрограма 1.2: Стимулативни мерки

План за спроведување

Активност	**Одговорни**	**Консултирани**	**Временска рамка**		**Потребни ресурси**					
			Почеток (месец/година)	**Крај (месец/година)**	**Човечки**			**Финансиски (МКД)**		
Спроведува конкурси за откуп на дела од домашни автори и уметници во дејностите од областа на културата.	Министерство за култура и корисниците на средствата по програми	Стручна комисија ангажирана во Министерството за култура и туризам и установите од областа на културата	Јануари 2026	Декември 2026	I год. вработени во Секторот за дејности од областа на културата и уметноста и учесници	II год. вработени во Секторот за дејности од областа на	III год вработени во Секторот за дејности од областа на	I год. обезбедени во рамките на Буџетот на МК раздел 464/	II год. обезбедени во рамките на Буџетот на МК раздел 464/	III год обезбедени во рамките на Буџетот на МК раздел 464/

					на конкурс за откуп	културата и уметноста и учесници на конкурсот за откуп	културата и уметноста и ушесниците на конкурсот за откуп	програми 40, 41, 60) Нема дополнителни фискални имплик ации	програми (40, 41, 60) Нема дополнителни фискални имплик ации	програми (40, 41, 60) Нема дополнителни фискални имплик ации
Распишан Конкурс за финансирање на преводи и објавување на дела на автори од Република Северна Македонија на странски јазици за 2026/2027 година	Министерство за култура и туризам и корисниците на средствата според пторамата	Стручна комисија ангажирана во Министерството за култура и туризам	Септември 2026	Септември 2027	I год. вработени во Сектор от за издавачка дејност и учесници на конкурсот	II год. вработени во Сектор от за издавачка дејност и учесници на конкурсот		I год. обезбедени во рамките на Буџетот на МК раздел 464 / програма 10, Нема дополн	II год. обезбедени во рамките на Буџетот на МК раздел 464 / програми 10. Нема дополн	III год. обезбедени во рамките на Буџетот на МК раздел 464 / програми 10. Нема дополн

								ителни фискални импликации	ителни фискални импликации	ителни фискални импликации
Вкупно активности во I година:										
Вкупно активности во II година:										
Вкупно активности во III година:										
Вкупно за потпрограма 1:										

Б: ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Потпрограм 1.3: Унапредување на издавачката дејност
План за спроведување

Активност	Одговорни	Консултирани	Временска рамка		Потребни ресурси					
			Почеток (месец/година)	Крај (месец/година)	Човечки			Финансиски (МКД)		
1. Поддршка на литературното творештво, со посебен акцент на младите автори. (спроведување мерки за финансиска поддршка на литературното творештво,	Министерство за култура и туризам – надлежниот сектор за издавачка дејност	Стручни комисии, издавачи и автори	јануари 2027	декември 2029	I год. Вработени во надлежниот сектор и анг	II год. Вработено надлежниот сектор и ангажирани стручни	III год. Вработени во надлежниот сектор и анг	I год. обезбедени во рамките на Буџетот на МК раз	II год. обезбедени во рамките на Буџетот на МК раз	III год обезбедени во рамките на Буџетот на МК разд

со посебен акцент на младите автори, поттикнување на создавањето и објавувањето квалитетни книжевни дела и унапредување на издавачката дејност).					ажирани стручни комисии	комисии	ажирани стручни комисии	дел 464/ програми 10. Нема дополнителни фискални импликации	дел 464/ програми 10. Нема дополнителни фискални импликации	ел 464/ програми 10.Нема дополнителни фискални импликации
2.Унапредување на интеркултурната димензија на литературното творештво (Поддршка на литературни и преведувачки активности што придонесуваат за унапредување на интеркултурната димензија на литературнот	Министерство за култура и туризам – надлежниот сектор за издавачка дејност	Издавачи, автори, преведувачи и релевантни културни организации	јануари 2027	декември 2029	I год. Вработено надлежнио	II год. Вработено надлежниот сектор и вклучени културни субјекти	III год. Вработено надлеж	I год. обезбедени во	II год. обезбедени во	II год обезбедени во рамките на Буџетот

о творештво, размена на книжевни вредности и афирмација на македонската книжевност во меѓународен контекст.					т сек тор и вкл учени кул турн и суб јект и		нио т сек тор и вкл учени кул турн и суб јект и	рам кит е на Буџ ето т на МК Т раз дел 464 / про гра ми 10. Не ма доп олн ите лни фис кал ни имп лик аци и	рам кит е на Буџ ето т на МК Т раз дел 464 / про гра ми 10. Не ма доп олн ите лни фис кал ни имп лик аци и	на МКТ разд ел 464/ прог рами 10. Нема допо лнит елни фискални импл икац ии
Вкупно активности во I година: 2027							Подготовка и спроведување на мерките и конкурсите; следење на реализацијата на поддржаните проекти.			
Вкупно активности во II година: 2028							Продолжување на мерките и конкурсите; следење и анализа на остварените резултати.			

Вкупно активности во III година: 2029	Продолжување на мерките и конкурсите; анализа на реализацијата и резултатите во периодот 2027–2029.						
Вкупно за потпрограма 1:							

1.12. ПРЕГЛЕД НА ПРОГРАМИТЕ И ПОТПРОГРАМИТЕ

Стратешка програма**„Поттикнување на творештвото преку создавање современи инфраструктурни и технолошки услови за остварување на културата**“

ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМА : „ПОТТИКНУВАЊЕ НА ТВОРЕШТВОТО ПРЕКУ СОЗДАВАЊЕ СОВРЕМЕНИ ИНФРАСТРУКТУРНИ И ТЕХНОЛОШКИ УСЛОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА“

А: Оправданост и дизајн на Програмата	
Образложение: Програмата „Поттикнување на творештвото преку создавање современи инфраструктурни и технолошки услови за остварување на културата“ произлегува од Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2024 година, стратешки приоритет **„Економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого “,** преку кој ќе се оствари следната приоритетна цел **„Намалување на разликите во развојот меѓу и во планските региони и зголемување на нивната конкурентна способност“**.	
1. Непроизлегуваод НПАА	
Стратешки приоритети и цели на органот на државната управа: **Цели**: **– Обезбедување услови за создавање, остварување и презентирање на македонското културно творештво.** - **– Подобрување на материјалните, техничките и инфраструктурните услови за остварување на културата, како и создавање нови, современи услови.**	
Назив на Програмата: Поттикнување на творештвото преку создавање современи инфраструктурни и технолошки услови за остварување на културата	**Цел на програмата:** 30% од инфраструктурните услови за остварување на културата, како основа за зачувување на нашето културно наследство и нашиот културен идентитет и за презентација на културата, ќе бидат подобрени до 2028 година.
Показатели за успех на Програмата: Изграден објект „Стар театар“ во Струмица. Изграден нов објект наменет за театар и библиотека во Тетово. Изграден нов објект наменет за НУ Турски театар во Скопје. Реконструиран објектот на Универзална сала во Скопје. Извршена реконструкција на објектот на Театарот во Куманово при НУ ЦК „Трајко Прокопиев“ – Куманово. Завршена реконструкција на објектот Кино Партизан при НУ Народен театар Битола. Започната реконструкција на објектот на НУ Музеј на РС Македонија. Започната реконструкција на објектот на НУ ЦК „Ацо Шопов“ – Штип.	

Комплетна реконструкција на стариот објект на НУБ „Св. Климент Охридски“. Континуирано тековно инвестициско опремување и одржување на објектите и опремата во државна сопственост што ги користат установите од областа на културата.	
Програмата е:хоризонтална	
Очекувани резултати (компоненти) од Програмата:	
Потпрограма/Резултат 1: Завршување на изградбата/реконструкцијата на веќе започнатите објекти и нивно ставање во функција	**Показател за успешност:** Изградени/реконструирани објекти, односно завршени реконструкции до крајот на 2029 година.
3-Учество на состаноци/ инфоденови/семинари/работилници во организација на други заинтересирани организации и канцеларии на Креативна Европа вклучени во програмата.	Канц. на потпрограма Култура и потпрограма Медија	Кабинет на Министер за култура и туризам	јануари 2027 јануари 2028 јануари 2029	декември 2027 декември 2028 декември 2029	2	2	2	Донаторска сметка за Програмата Култура на ЕУ бр. 180010041878598, раздел 180.01 ставка 426 Буџетски раздел 180.10 – Култура Програма 94 – Европски интеграции Потставка 464990			
4-Кофинансирање на одобрени проекти од Креативна Европа – потпрограма Култура.	Сектор за Европски интеграции	Кабинет на Министер за Култура и туризам	јануари 2027 јануари 2028 јануари 2029	декември 2027 декември 2028 декември 2029	2	2	2	Буџетски раздел 180.10 – Култура Програма 94 – Европски интеграции Потставка 464990			

5-Подготовка, склучување на договори, следење и кофинансирање на проекти од Инструментот за Претпристапна Помош (ИПА).	МКТ, НАО - супервизија	Европска комисија, ЦФЦД - Министерство за финансии, МЕП, Кабинет на Министер за Култура и туризам	јануари 2027 јануари 2028 јануари 2029	декември 2027 декември 2028 декември 2029	4	4	4	Буџетски раздел 180.10 – Култура Програма 94 – Европски интеграции Потставка 464990 7.2 00. 00 0 ден. /
6-Учество во усогласување на националната правна рамка во областа на културата со ЕУ-директивите	Сектор за Европски интеграции, Сектор за Правни работи, УЗКН	Европска комисија, МЕП, Кабинет на Министер за Култура и туризам	јануари 2027 јануари 2028 јануари 2029	декември 2027 декември 2028 декември 2029	2	2	2	/
7-Учество на конференции, работилници и остварување на соработка и заеднички проекти со значајните Европски иницијативи и националните установи од областа на културата	Сектор за Европски интеграции	Министерство за надворешни работи, МЕП, Кабинет на Министер за Култура и туризам	јануари 2027 јануари 2028 јануари 2029	декември 2027 декември 2028 декември 2029	2	2	2	Буџетски раздел 180.10 – Култура Програма 94 – Европски интеграции Потставка 464990
Вкупно активности во I година: 7									
Вкупно активности во II година: 7									
Вкупно активности во III година: 7									
Вкупно за потпрограма 1: 21									

2.6. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

А: Оправданост и дизајн на Програмата
Образложение: Во согласност со обврските за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите и со определбите за интегрирање на родовата перспектива во креирањето и спроведувањето на јавните политики, Министерството за култура и туризам, во рамките на своите надлежности и расположливите буџетски средства, ја препознава Програмата 60 – Визуелни уметности како значаен инструмент за поддршка на современото уметничко творештво и за обезбедување еднакви можности за учество во културниот живот. Програмата е насочена кон поддршка на проекти од национален интерес и кон создавање услови за развој, афирмација и професионално дејствување на уметниците и другите носители на културни активности во областа на визуелните уметности. Преку годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес се обезбедува јавна финансиска поддршка за уметнички и културни проекти кои, согласно утврдените услови, приоритети, мерила и критериуми за оценување, придонесуваат кон развојот и збогатувањето на современата културна продукција. Во процесот на оценување се земаат предвид квалитетот на предложената содржина, креативноста, оригиналноста и автентичноста, иновативноста, очекуваното влијание и видливоста на проектот, професионалните и уметничките достигнувања на носителите и учесниците, како и оправданоста на предвидените финансиски средства. На тој начин се воспоставува систем на програмска поддршка кој се темели врз стручна процена и однапред утврдени критериуми, со што се обезбедува соодветна основа за транспарентно и одговорно распределување на јавните средства. Во рамките на ваквата институционална поставеност, родово одговорното буџетирање овозможува дополнително согледување на ефектите од јавната финансиска поддршка врз жените и мажите кои учествуваат во создавањето и реализацијата на културните содржини. Родовата перспектива во Програмата 60 има за цел да обезбеди систематско следење на учеството на жените и мажите како подносители и носители на проекти, како и на обемот на средствата што се распределуваат во рамките на програмата. На овој начин се создава основа за објективно согледување на состојбите и за утврдување на евентуалните разлики во пристапот до јавната финансиска поддршка. Оправданоста на ваквиот пристап произлегува од фактот дека еднаквиот пристап до културните ресурси претставува значаен предуслов за остварување на еднакви можности во културниот и уметничкиот живот. Следењето на родово разделените податоци за бројот на поднесени и одобрени проекти, структурата на нивните носители и распределбата на финансиските средства овозможува подетално согледување на реалните ефекти од програмата и создава аналитичка основа за понатамошно унапредување на културните политики. Особено значајно е што примената на родовата перспектива не подразбира нарушување на стручните и уметничките критериуми врз кои се заснова изборот на проектите. Напротив, нејзината функција е да обезбеди дополнителна димензија на следење на резултатите од програмата и да овозможи согледување дали постојниот систем на јавна поддршка создава еднакви можности за жените и мажите да го развиваат својот творечки потенцијал, да реализираат професионални проекти и да бидат присутни во современиот културен простор. Во таа смисла, родово одговорното буџетирање во рамките на Програмата 60 се заснова врз принципот дека еднаквоста не се согледува единствено преку формално еднаков пристап до конкурсите, туку и преку следење на реалното учество, успешноста во процесот на аплицирање, бројот и вредноста на одобрените проекти и распределбата на јавните средства. Ваквиот пристап овозможува да се идентификуваат позитивните тенденции, но и навремено да се препознаат евентуални структурни разлики кои би можеле да влијаат врз еднаквото учество на жените и мажите во областа на визуелните уметности. Оттука, интегрирањето на родовата перспектива во Програмата 60 претставува инструмент за унапредување на квалитетот на јавните политики во културата, подобрување на транспарентноста и отчетноста во распределбата на буџетските средства и воспоставување долгорочна аналитичка основа за следење на еднаквите можности. Со редовно прибирање и обработка на родово разделени податоци, Министерството може континуирано да ја следи состојбата, да ги оценува ефектите од програмската поддршка и, доколку е потребно, да предлага соодветни мерки за унапредување на еднаквото учество.

На овој начин, Програмата 60 – Визуелни уметности се согледува не само како механизам за финансиска поддршка на уметничката продукција, туку и како инструмент преку кој јавните средства можат да придонесат кон создавање инклузивен, разновиден и одржлив културен простор. Вклучувањето на родовата перспектива во нејзиното следење и оценување придонесува кон поцелосно согледување на влијанието на културните политики и кон создавање услови во кои жените и мажите имаат реални и еднакви можности за творечко, професионално и општествено учество во културниот живот.

2. Не произлегува од НПАА и нема поврзаност со пристапни партнерства, како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје.

3. Стратешки приоритети и цели на органот на државната управа:

Програмата 60 – Визуелни уметности е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2022–2027, како основен стратешки документ за унапредување на родовата еднаквост во Република Северна Македонија, особено во делот на интегрирањето на родовата перспектива во јавните политики, унапредувањето на еднаквите можности и создавањето услови за намалување на родовите нееднаквости во различни општествени области. Во тој контекст, Програмата придонесува кон остварување на стратешките определби за унапредување на родовата еднаквост во културата преку обезбедување еднаков пристап до јавната поддршка, зголемување на учеството и видливоста на жените во културниот живот и систематско следење на родово разделени податоци за учеството на жените и мажите како носители и реализатори на проекти.

Во рамките на својата надлежност, Министерството за култура и туризам преку Програмата 60 – Визуелни уметности обезбедува финансиска поддршка за проекти од национален интерес во областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот, со што создава услови за развој на современото уметничко творештво, професионализација и афирмација на уметниците и унапредување на културната продукција. Примената на родовата перспектива во реализацијата на Програмата има за цел да обезбеди еднакви можности за жените и мажите во пристапот до средствата, во учеството во културните процеси и во професионалното и творечкото афирмирање.

Програмата е усогласена и со определбите на Министерството за култура и туризам за унапредување на современото творештво и развој на културниот и креативниот сектор, при што родовата еднаквост се интегрира како хоризонтален принцип во планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на јавната поддршка. Особено значење има обезбедувањето услови за поголема видливост и учество на жените како авторки, уметници, архитектки, дизајнерки, кураторки, истражувачки и носителки на проекти, како и поддршката на уметнички и културни содржини кои придонесуваат кон преиспитување на родовите стереотипи и промовирање на принципите на еднаквост и недискриминација.

На овој начин, Програмата 60 – Визуелни уметности се поставува во функција на остварување на пошироките стратешки приоритети за родово одговорно креирање и спроведување на културните политики, при што распределбата на јавните средства се следи и од аспект на родовата застапеност, а утврдените состојби претставуваат основа за натамошно унапредување на мерките и инструментите за еднаков пристап и учество во културниот сектор.

Цели на Програмата:

- Унапредување на родовата еднаквост и обезбедување еднакви можности за учество на жените и мажите во областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот, преку создавање услови за нивен рамноправен пристап до програмските и финансиските механизми на Министерството за култура и туризам.
- Поттикнување на поголемо и одржливо учество на жените како носителки, авторки и реализаторки на проекти од национален интерес во културата, со посебно внимание на нивната професионална афирмација и видливост во современите уметнички и креативни практики.
- Обезбедување систематско следење на родовата застапеност во процесите на пријавување, одобрување и реализација на проектите, со цел навремено идентификување на евентуалните разлики и создавање основа за унапредување на мерките за еднакви можности.
- Воспоставување и континуирано унапредување на родово разделена статистика за бројот на поднесени и одобрени проекти, структурата на нивните носители и распределбата на финансиските средства според пол, како инструмент за поефикасно планирање и следење на јавната поддршка.
- Поттикнување на развојот и реализацијата на уметнички, архитектонски и дизајнерски проекти кои придонесуваат кон промовирање на родовата еднаквост, еднаквите можности и недискриминацијата и кои преку современ уметнички израз придонесуваат кон преиспитување на родовите стереотипи и општествените улоги.

- Унапредување на видливоста и професионалната афирмација на жените во визуелните уметности, архитектурата и дизајнот, преку создавање услови за нивно рамноправно присуство во уметничките, професионалните и јавните културни процеси. - Унапредување на примената на принципите на родово одговорно буџетирање во рамките на Програмата 60 преку поврзување на програмското планирање, распределбата на средствата, следењето на резултатите и оценувањето на ефектите со релевантни родови показатели. - Создавање долгорочна институционална и аналитичка основа за унапредување на родовата рамноправност во визуелните уметности, архитектурата и дизајнот преку користење на релевантни податоци, редовна анализа на резултатите и постепено унапредување на програмските мерки.
Показатели за успех на Програмата: - Број и процент на поддржани проекти во областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот чиј носител или носителка е жена. - Број и процент на жени и мажи носители на поддржани проекти, со цел следење на родовата застапеност во пристапот до финансиска поддршка. - Број и процент на жени учеснички во реализацијата на поддржаните проекти во својство на авторки, уметници, архитектки, дизајнерки и други професионални учеснички во рамките на програмата. - Број на поддржани проекти кои во својата содржина интегрираат родова перспектива или обработуваат прашања поврзани со родовата еднаквост, еднаквите можности и надминувањето на родовите стереотипи. - Висина и процентуална распределба на доделените средства според полот на носителите на поддржаните проекти. - Воспоставена и континуирано ажурирана родово разделена статистика за поднесените, одобрените и реализираните проекти во рамките на Програмата 60 – Визуелни уметности.
Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ✓ **Хоризонтална** ☐ Вертикална
Потпрограми (компоненти) од Програмата:

Потпрограма 1: Поттикнување и унапредување на рамноправното учество на жените во визуелните уметности, архитектурата и дизајнот и унапредување на родовата еднаквост во културниот и креативниот сектор	**Показател за успешност:** - Зголемен број и процент на поддржани проекти во областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот чиј носител или носителка е жена. - Зголемен број и процент на жени кои учествуваат во реализацијата на поддржаните проекти како авторки, уметници, архитектки, дизајнерки и други професионални учеснички. - Зголемен број на реализирани проекти кои придонесуваат кон унапредување на родовата еднаквост и еднаквите можности на жените и мажите во културниот и креативниот сектор. - Зголемен број на проекти кои преку визуелниот уметнички израз, архитектурата и дизајнот обработуваат прашања поврзани со родовата еднаквост, родовите стереотипи и општествениот статус на жената. - Воспоставена и континуирано ажурирана родово разделена статистика за поднесените, одобрените и реализираните проекти во рамките на Програмата 60 – Визуелни уметности.
Потпрограма 2:	**Показател за успешност:**

Б: ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Потпрограма 1: Поттикнување и унапредување на рамноправното учество на жените во визуелните уметности, архитектурата и дизајнот преку Годишната програма за финансирање проекти од национален интерес во културата.

План за спроведување

Активност	**Одговорни**	**Консултирани**	**Временска рамка**		**Потребни ресурси**					
			Почеток (месец/год.)	**Крај (месец/год.)**	**Човечки**			**Финансиски (МКД)**		
- Одобрување и реализација на проекти од Програмата 60 – Визуелни уметности, во рамките на Годишната програма за финансирање проекти од национален интерес во културата, со континуирано следење на родовата застапеност на носителите и учесниците во поддржаните проекти.	-Министерство за култура и туризам	- Министерство за култура и туризам; надлежна стручна комисија за селекција и оценување на проектите.	2027 октомври	2029 декември	Корисници на средства во независниот сектор	Корисници на средства во независниот сектор	Корисници на средства во независниот сектор	15.600.000	16.400.000	17.300.000
- Анализа на поднесените и одобрените проекти во рамките на Годишната програма за финансирање проекти од национален интерес во културата, од аспект на родовата застапеност и еднаквиот пристап до финансиска поддршка.	-Министерство за култура и туризам	-Министерство за култура и туризам; надлежна стручна комисија за селекција и оценување на проектите.								
- Анализа на реализираните проекти и следење на учеството на жените како носителки, авторки и професионални учеснички во проектите поддржани во рамките на	-Министерство за култура и Туризам	-Министерство за култура и туризам; надлежна стручна комисија за селекција и оценување на проектите.								

Програмата 60 – Визуелни уметности. -Воспоставување, систематско следење и ажурирање на родово разделена статистика за поднесените, одобрените и реализираните проекти во областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот.	-Министерство за култура и Туризам	-Министерство за култура и туризам; надлежен координатор за родова еднаквост									
Вкупно активности во I година: Најмалку 50 % од вкупниот број поддржани автори/носители на проекти на годишните конкурси во 2027 г. да бидат жени											
Вкупно активности во II година: Најмалку 52 % од вкупниот број поддржани автори/носители на проекти на годишните конкурси во 2028 г. да бидат жени											
Вкупно активности во III година: Најмалку 55 % од вкупниот број поддржани автори/носители на проекти годишните конкурси во 2029 г. да бидат жени											
Вкупно за потпрограмата:											

2.7 ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

Програма	Резиме на потребата од нови вработувања	Резиме на потребата од прераспределба на вработените	Резиме на потребата од обука
Уметничко творештво и дејности од областа на културата	Во согласност со Годишниот план за вработување	/	Во согласност со Годишниот план за обуки
Заштита на културното наследство	Во согласност со Годишниот план за вработување	/	Во согласност со Годишниот план за обуки
Меѓународна културна соработка	Во согласност со Годишниот план за вработување	/	Во согласност со Годишниот план за обуки
Интегрирање во Европската Унија	Во согласност со Годишниот план за вработување	/	Во согласност со Годишниот план за обуки
Родово одговорно буџетирање	Во согласност со Годишниот план за вработување	/	Во согласност со Годишниот план за обуки

4.ПРИНЦИПИ НА ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Очекувано влијание во I година	**Очекувано влијание во II година**	**Очекувано влијание во III година**
Во согласност со Годишниот план за вработување за 2027 година	Принципите на правична застапеност ќе бидат запазени во согласност со Годишниот план за вработување за 2028 година	Принципите на правична застапеност ќе бидат запазени во согласност со Годишниот план за вработување за 2029 година

Управување со човечки ресурси		
Подготвување на измена и дополнување на актот за систематизација на работните места. Подготвување и измена на Правилникот за внатрешна организација. Подготвување Годишен план за вработување за 2027 година. Подготвување Извештај за реализација на Годишниот план за вработување за периодот јануари – јуни 2027 година.	Подготвување Годишен план за вработување за 2028 година. Подготвување Извештај за реализација на Годишниот план за вработување за периодот јануари – јуни 2028 година. Подготвување Извештај за реализација на Годишниот план за вработување за периодот јули – декември 2028година. Подготвување на Годишниот план за обуки на административни службеници. Подготвување Извештај за реализираните обуки.	Подготвување Годишен план за вработување за 2029 година. Подготвување Извештај за реализација на Годишниот план за вработување за периодот јануари – јуни 2029 година. Подготвување Извештај за реализација на Годишниот план за вработување за периодот јули – декември 2029година.

Подготвување Извештај за реализација на Годишниот план за вработување за периодот јули – декември 2026 година. Подготвување на Годишниот план за обуки на административни службеници. Подготвување Извештај за реализираните обуки. Спроведување на оценувањето на административните службеници. Подготвување Извештај за годишното оценување. Подготвување Годишен извештај за изречени дисциплински мерки. За 2027 година, во согласност со Годишниот план за вработување, поднесено е барање од страна на Министерство за култура и туризам до Министерството за финансии за 12 вработувања, 9 унапредувања и 6 пензионирања. Од Министерство за финансисии добивме позитивно мислење по однас на доставениот Годишен план, добиена е согласност од Министерство за оноси меѓу заедниците и од Министерство за јавна администрација во моментов чекаме само согласност од Министерство за финансии за полнување на работните места согласно Годишниот план за 2027 година.	Спроведување на оценувањето на административните службеници. Подготвување Извештај за годишното оценување. Подготвување Годишен извештај за изречени дисциплински мерки.	Подготвување на Годишниот план за обуки на административни службеници. Подготвување Извештај за реализираните обуки. Спроведување на оценувањето на административните службеници. Подготвување Извештај за годишното оценување. Подготвување Годишен извештај за изречени дисциплински мерки.

5. ПРИНЦИПИ НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

Очекувано влијание во I година	Очекувано влијание во II година	Очекувано влијание во III година
Изготвување анализа која ќе претходи на изработката на Оперативен план за 2027година за имплементација на Националниот план за акција за родова еднаквост.	Изработка на Оперативен план за 2028 година за имплементација на Националниот план за акција за родова еднаковост.	Министерството за култура ќе продолжи со воспоставување ефективен и ефикасен систем на постигнување родова еднаквост.

2.7. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

А: Оправданост и дизајн на Програмата
Образложение: Туризмот претставува една од најзначајните економски гранки со потенцијал за одржлив локален и национален развој. Со својата географска позиција, природна разноликост, богато културно и историско наследство и гастрономска традиција, Македонија има услови да се развие во конкурентна дестинација на Балканот и пошироко. Туризмот претставува значаен дел од македонската економија и има потенцијал да биде еден од клучните сектори за одржлив развој, вработување и регионална рамнотежа. Со придонес во БДП што во некои години надминува 3.8% директно, а многу повеќе индиректно преку мали и средни бизниси, угостителство, транспорт и занаетчиство – туризмот е важен економски двигател, особено за руралните и недоволно развиени региони. Со Програмата за промоција и поддршка на се утврдуваат насоките, приоритетите и мерките за развој на туристичките капацитети, унапредување на туристичката понуда и промоција на севкупниот туристичкиот потенцијал на Република Северна Македонија. Нашата основна цел е да се зголеми конкурентноста на туристичкиот сектор, да се стимулира домашниот и странскиот туризам и да се создадат услови за одржлив економски раст и нови работни места, намалување на миграциите и економски развој на локалните заедници со што ќе се подобри севкупната економска слика на нашата земја. Основните цели на програмата се: - Подобрување на туристичката инфраструктура и услугите; - Развој и промоција на нови туристички производи (културен, рурален, еко и авантуристички туризам);

- Поддршка на локалните туристички субјекти и мали бизниси;
- Зголемување на видливоста на туристичките дестинации преку дигитален маркетинг и современи промотивни алатки;
- Поттикнување на јавно приватни партнерства и регионална соработка;
- Заштита и промоција на природното и културното наследство како дел од туристичката понуда.

Придонес на Програмата кон приоритетните цели на Владата на РСМ:

Програмата за промоција и поддршка на туризмот е во целосна согласност со стратешките приоритети и политиките на Владата на РСМ за економски раст, одржлив развој, дигитална трансформација и рамномерен регионален развој. Преку меѓусекторската соработка, Програмата за промоција и поддршка на туризмот претставува директен инструмент за реализација на Владините приоритети за економски раст, одржливост, дигитализација и регионална рамнотежа. Нејзината успешна имплементација ќе придонесе за подобар животен стандард, поголема конкурентност на земјата и позитивен имиџ на Република Северна Македонија како модерна, безбедна и атрактивна туристичка дестинација.

1. Не произлегува од НПАА

Стратешки приоритети и цели на органот на државната управа:

Со реализација на програмските активности директно ќе придонесе кон постигнување на следниве приоритетни цели: економски раст и развој на конкурентна економија, програмата ќе поттикне развој на мали и средни претпријатија во туристичкиот сектор, што ќе доведе до зголемена економска активност и отворање нови работни места, ќе се зголеми извозниот потенцијал на земјата преку раст на девизните приливи од странски туристи, поддршката за дигитализација на туристичките услуги ќе ја зголеми продуктивноста и конкурентноста на туристичките оператори.

Во делот на рамномерниот регионален развој ќе има позитивно влијание на промоција на туристички потенцијали во руралните, планинските и помалку развиените подрачја, развој на локални туристички брендови и инфраструктура, ќе се стимулира економска активност надвор од главните урбани центри кои ќе ги намалат миграциите и ќе се создадат услови за задржување на младите во локалните заедници преку можности за само-вработување во туризмот и обезбедуваање на одржливи долгорочни приходи. Планирано е воведување на дигитални туристички платформи, мобилни апликации и системи за онлајн промоција, ќе се стимулира користење на современи ИКТ-алатки за подобра поврзаност на туристичките оператори и промоција на Македонија како современа дестинација, Промоција на културното наследство и националниот идентитет. Програмата поддржува активности за заштита и афирмација на културното и историското наследство преку туристички настани, фестивали со што се зајакнува меѓународниот имиџ на Македонија како земја со богата култура и традиција.

Показатели за успех на Програмата:,

Показателите или индикаторите за успех служат за следење и евалуација на степенот на реализација на активностите и постигнување на целите на Програмата. Тие се поделени на квантитативни (мерливи бројчени) и квалитативни (описни) показатели.

- Број на реализирани промотивни активности (настани, саеми, кампањи, медиумски промоции) – најмалку 20 годишно.
- Зголемување на бројот на туристи и ноќевања во споредба со 2025 година – раст од најмалку 10%.
- Број на поддржани локални туристички субјекти преку програмски мерки – минимум 50 корисници.
- Број на подобрени инфраструктурни објекти (патеки, информативни табли, видиковци и сл.) – најмалку 10 проекти.
- Број на странски медиумски објави и промотивни содржини за Македонија како туристичка дестинација – најмалку 50 годишно.

Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ☐ Хоризонтална **X** Вертикална

Потпрограми (компоненти) од Програмата:

• Потпрограми **нема** • •	**Показател за успешност:**

Б: ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програма за промоција и поддршка на туризмот										
Активност	**Одговорни**	**Консултирани**	**Временска рамка**		**Потребни ресурси**					
			Почеток (месец/година)	**Крај (месец/година)**	**Човечки**			**Финансиски (МКД)**		
					I год.	**II год.**	**III год**	**I год.**	**II год.**	**III год**
Развој на национална мобилна апликација за транзитен туризам “Застани и истражувај“	Министерство за култура и туризам	Туристички сектор	01/2027	12/2027	Вработени од двата сектора за туризам			3.000.000		
Проекти/Јавни повици за промоција и развој на туризмот	Министерство за култура и туризам	Туристички сектор	01/2027	12/2029	Вработени во Сектор за проекти и поддршка на туризмот			20.000.000	20.000.000	20.000.000
Проекти/Јавни повици за создавање на нови турисички производи	Министерство за култура и туризам	Туристички сектор	01/2027	12/2029	Вработени во Сектор за проекти и поддршка на туризмот			6.000.000	6.000.000	6.000.000
Субвенционирање на странски организиран туристички промет	Министерство за култура и туризам	Туристички сектор	01/2027	12/2029	Подрачно Одделение за проекти и поддршка на туризмот - Струга			250.000.000	250.000.000	250.000.000
Годишна чланарина за UNWTO, ETC и останати европски и светски туристички организации	Министерство за култура и туризам	Туристички сектор	01/2027	12/2029	Вработени во Сектор за проекти и поддршка на туризмот			4.000.000	4.000.000	4.000.000
Имплментација на Националната стратегија за туризам	Министерство за култура и туризам	Туристички сектор	01/2027	12/2032	Вработени од двата сектори за туризам			6.000.000	6.000.000	6.000.000

Формирање на ресорна комисија за следење на стратегија	Министерство за култура и туризам	Туристички сектор	01/2027	12/2027	Вработени во Сектор за проекти и поддршка на туризмот	100.000	100.000	100.000
Учество на меѓународни туристичи саеми	Министерство за култура и туризам	Туристички сектор	01/2027	12/2029	Вработени во Сектор за промоција на туризмот	25.000.000	25.000.000	25.000.000
Организирање и учество на роудшоу презентации, семинари и B2B (деловно работење меѓу компании) настани на приоритетни и потенцијални странски пазари.	Министерство за култура и туризам	Туристички сектор	01/2027	12/2029	Вработени во Сектор за промоција на туризмот	4.000.000	4.000.000	4.000.000
Учество на меѓународни, регионални и локални инвестициски и тематски конференции, семинари,презентации,самити и форуми од областа на туризмот	Министерство за култура и туризам	Туристички сектор	01/2027	12/2029	Вработени во Сектор за промоција на туризмот	5.000.000	5.000.000	5.000.000
Реализација на маркетинг активности во директна соработка со авиокомпании, амбасади, и меѓународни организации со цел поддршка на тур-операторите и други туристички ентитети за спроведување на интензивна промоција на севкупната туристичка понуда на Република Северна Македонија.	Министерство за култура и туризам	Туристички сектор	01/2027	12/2029	Вработени во Сектор за промоција на туризмот	3.000.000	3.000.000	3.000.000

Организација на информативни патувања (инфо-тури) во Република Северна Македонија за странски тур-оператори, новинари, медиумски претставници, туристички агенции и други релевантни чинители	Министерство за култура и туризам	Туристички сектор	01/2027	12/2028	Вработени во Сектор за промоција на туризмот	4.000.000	4.000.000	4.000.000
Вкупно активности во Iгодина:						330.100.000		
Вкупно активности во IIгодина:							327.100.000	
Вкупно активности во IIIгодина:								327.100.000
Вкупно за програма:								984.300.000

6. РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ

Очекувано влијание во I година	**Очекувано влијание во II година**	**Очекувано влијание во III година**
Развивање политики		
Стратешко планирање/подготвување на буџет		
За изготвување и следење на стратешките планови, за изготвување извештаи, аналитички осврт на состојбите, за подготовката на иницијативите, како и за прибирање податоци за МКТ, неопходно е кадровско доекипирање на Одделението за стратешко планирање, креирање политики и следење.	Доекипирање со кадар и негова континуирана обука со цел јакнење на капацитетот на Одделението за стратешко планирање, креирање политики и следење.	Во согласност со планираните приоритети и активности, континуирана обука на кадарот во Одделението. Следење на извршувањето на Стратешкиот план за периодот 2027 – 2029 г.
Извршување на Буџетот и управување со средства		

Во Министерството за култура и туризам, во согласност со Правилникот за внатрешна организација, постои Сектор за финансиски прашања со три одделенија: за буџетска координација, за буџетска контрола и за сметководство и плаќања. Неопходно е јакнење на капацитетите на Секторот.	Обука на вработените во Секторот. Следење на извршувањето на Буџетот на Министерството за култура и туризам и Финансирање на дејностите од областа на културата по години.	Континуирана обука на вработените. Следење на извршувањето на Буџетот на Министерството за култура и туризам и Финансирање на дејностите од областа на културата по години. Изготвување на буџетот на Министерството за култура и туризам и Финансирање на дејностите од областа на културата по години.
Управување со информациски технологии		
Одделението за информатика ќе продолжи да ги извршува задачите и работите утврдени со актот за внатрешна организација, пред сè, во насока на јакнење на ИТ-капацитетите на МКТ. Неопходно е јакнење на кадровските капацитети на Одделението и спроведување обуки на вработените во Одделението.	Јакнење на капацитетите на Одделението за информатика со пополнување на празните работни места и спроведување обука за вработените во Одделението.	Јакнење на техничките капацитети на Одделението за информатика. Континуирана обука на вработените во Одделението.

Предлог-буџет по години за реализирање на проектите од Годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата

1	Програма	Опис на програма	Расходно конто	Назив	Предлог-буџет за 2027 г.	Предлог-буџет за 2028 г.	Предлог-буџет за 2029 г.
637	10	Издавачка дејност	464	Разни трансфери	68.000.000,00	68.000.000,00	68.000.000,00
637	20	Библиотекарство	464	Разни трансфери	22.000.000,00	22.000.000,00	22.000.000,00
637	30	Филмска дејност	464	Разни трансфери	600.000,00	600.000,00	600.000,00
637	31	Агенција за филм	464	Разни трансфери	187.000.000,00	187.000.000,00	187.000.000,00
637	40	Музичка дејност	464	Разни трансфери	134.300.000,00	134.300.000,00	134.300.000,00
637	41	Драмска дејност	464	Разни трансфери	83.000.000,00	83.000.000,00	83.000.000,00
637	47	Фолклорна дејност	464	Разни трансфери	40.000.000,00	40.000.000,00	40.000.000,00

637	50	Заштита на културното наследство	464	Разни трансфери	89.000.000,00	89.000.000,00	89.000.000,00
637	58	Културно наследство во опасност	464	Разни трансфери	4.000.000,00	4.000.000,00	4.000.000,00
637	60	Ликовна дејност	464	Разни трансфери	43.000.000,00	45.000.000,00	45.000.000,00
637	70	Културно-уметнички манифестации	464	Разни трансфери	87.800.000,00	100.000.000,00	105.000.000,00
637	72	Интердисциплинарни	464	Разни трансфери	13.000.000,00	13.000.000,00	13.000.000,00
637	73	Креативни индустрии	464	Разни трансфери	17.000.000,00	17.000.000,00	17.000.000,00
637	80	Музејска дејност	464	Разни трансфери	111.000.000,00	111.000.000,00	111.000.000
637	81	Кинотечна дејност	464	Разни трансфери	6.500.000,00	6.500.000,00	6.500.000
637	90	Меѓународна соработка	464	Разни трансфери	94.000.000,00	102.000.000,000	102.000.000
637	93	Културни центри во странство	464	Разни трансфери	48.000.000,00	48.000.000,00	48.000.000

637	92	Поддршка на млади таленти	464	Разни трансфери	4.600.000,00	4.600.000,00	4.600.000
637	94	Европски интеграции	464	Разни трансфери	17.000.000,00	24.255.000,00	24.255.000,00
637	95	Скопје-Европска престолнина на културата 2028	**464**	Разни трансфери	**372.000.000,00**	496.000.000,00	310.000.000,00
		ВКУПНО			**1.441.800.000,00**	**1.595.255.000,00**	**1.414.255.000,00**

РИЗИЦИ НА НИВО НА ПРОГРАМА

РИЗИК	ВЕРОЈАТНОСТ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА РИЗИКОТ	ВЛИЈАНИЕ НА РИЗИКОТ ВРЗ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ	МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ
При спроведувањето на **Програма 1: „Уметничко творештво и дејности од областа на културата“** постои ризик од ненавремено одлучување за избор на проекти од национален интерес што предизвикува доцнење со потпишување на договорите на Министерството за култура со носителите на проектите.	Средна	Големо	Навремено одлучување за избор на проекти и потпишување на годишните договори со цел запазување на динамиката на реализирање на одобрените проекти.
Одобрување зголемен број проекти со недоволен буџет предизвикува „квантитет наспроти квалитет“, како и генерално незадоволство кај носителите на прифатените проекти.	Голема	Големо	Строги критериуми за финансирање и избор на квалитетни проекти и финансиска поддршка од страна на МК со реален буџет кој ќе овозможи создавање на висококвалитетни проекти.
Спроведувањето на постапките во согласност со ЗОУП влијае на доцнење на реализирањето на проектите, доставување извештаи и исплата на одобрените проекти.	Средна	Големо	Навремено доставување извештаи од страна на корисниците. Навремено доставување дописи и ургенции до корисниците на средствата и потсетување за одредбите од договорот.

1-При спроведувањето на **Програма 1-5: „Заштита на културното наследство“,** постои ризик од: ○ недостиг на стручен кадар; ○ спроведување јавни набавки, ○ долги административни процедури за добивање одобренија ○ несоодветно програмирање на институционалните програми. ○ Имотно-правни спорови	Средна	Средно	Изработка на прецизна динамика за реализација на активностите и придржување кон неа. Вработување на дефицитарен кадар, поедноставување на процедурите, изнаоѓање дополнителни извори на финансирање. Зголемување на буџетот за проекти и програми во дејноста и воведување нова буџетска линија за заштита на културното наследство.

Програма 3: „Меѓународна културна соработка“ – Постои ризик од доцнење во исплатата на доделените средства во согласност со Годишните конкурси што влијае на самата реализација на проектите.	Средна	Големо	Навремено префрлување на средствата од страна на надлежниот државен орган.
При спроведувањето на **Програма 3: „Меѓународна културна соработка“,** постои ризик од откажување на предвидените настани од страна на организаторите во странство.	Средна	Големо	Бидејќи средствата се веќе планирани, да се разгледаат можностите за претставување во друга држава на фестивал или манифестација со сличен карактер,
При спроведувањето на **Програма 3: „Меѓународна културна соработка“** може да дојде до пролонгирање на процесот на склучување договори со корисниците што влијае врз префрлањето на средствата и реализацијата на проектите.	Средна	Големо	Навремено и ангажирано дејствување на сите инстанци вклучени во процесот.

При спроведувањето на Програмата за родово одговорно буџетирање, постои ризик од одобрување на зголемен број проекти со несоодветен буџет, што предизвикува „квантитет наспроти квалитет“, како и генерално незадоволство кај носителите на прифатените проекти.	Средна	Големо	Овие состојби може и треба да бидат отстранети преку обезбедување институционална и финансиска поддршка и внесување приоритети во конкурсите од национален интерес.

При спроведување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот постои ризик од некоординираност ненавремена соработка со ЈПДП и Царинска управа за реализација на проектот за Транзитен туризам “Застани и истражувај“	средна	голема	Навермено изготвување на акциски план и континуирана реализација на координативни ссостаноци со сите засегнати срани

Повторување на постапки за јавна набавка за избор на компанија компанија за изготвување и одржување на мобилна апликација	средна	голема	Навремено отпочнување на постапки за јавна набавка и изготвување на техничка спецификација – апликација за Транзитен туризам
Ненавремено одлучување за избор на проекти за развој и поддршка на туристичкото стопанство и создавање на нови туристички производи	средна	голема	Навремено спроведување на сите потреби активности од постапката и добро планирање на сите активности за развој и поддршка на туристичкото стопанство и создавање на нови туристички производи
Неодржување на континуитет во работа и навремено решавање на предметите	средна	голема	Зголемен надзор и контрола при донесување на решенија за субвенционирање на странски организиран туристички промет
Ненавремено обезбедување на учесници на меѓународни туристичи саеми и воспоставување на интерна процедура и подзаконски акти за организацаија на меѓународни саеми за туризам и сите останати промотивни активности	средна	голема	Донесување на инерно процедури и подзаконски акти за организација на меѓународни саеми за туризам и сите останати промотивни активности во странство

РИЗИЦИ НА НИВО НА СТРАТЕШКИ ПЛАН

РИЗИК	ВЕРОЈАТНОСТ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА РИЗИКОТ	ВЛИЈАНИЕ НА РИЗИКОТ ВРЗ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ	МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ
При подготвување на стратешкиот план на МКТ постои ризик од ненавремено доставување податоци од страна на секторите при што не се запазуваат предвидените рокови од Генералниот Секретаријат на Владата на РСМ. Постои ризик од ненавремено доставување на иницијативи од страна на секторите кои треба одделението за стратешко планирање да ги достави во точно определен рок до Генералниот секретаријат на Владата на РСМ; Постои ризик од ненавремено доставување на приоритетни цели од страна на секторите кои треба да се достават до Генералниот секретаријат за подготвување на Предлог одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РСМ за наредната година.	Средна	Големо	-Навремено доставување на потребни податони за подготовка на стратешки план , иницијативи и приоритетни цели од страна на секторите при Министерството за култура и туризам.

Одделение за стратешко планирање, креирање политики и следење

Изработиле:

Нермин Адеми, Државен советник,

Лилјана Мострова, Раководител на одделение